**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Институт за историја на уметност и археологија**

# АНТИЧКО СТАКЛО ОД РЕГИОНОТ НА СКУПИ

**Магистерска работа**

**Кандидат**

**Лена Поповска**

**Ментор**

**Проф. Д-р Вера Битракова Грозданова**

**Скопје, 2011**

Предговор ........ 3
1. Преглед на литературата ........ 6
I. Почетоците на стакларската индустрија и нејзиниот развој низ антиката ........ 8
1. Состав и бои на стаклото ........ 18
2. Техники на производство ........ 21
A. Техника на изработка врз јадро ........ 21
B. Калапење ........ 24
C. Техника на дување ........ 27
II. Стаклени садови ........ 29
1. Слободно дување ........ 29
D. Унгвентариуми ........ 29
— Полусферични ........ 31
— Конични ........ 34
— Ѕвонолики ........ 42
— Цевчести (тубуларни) ........ 44
Со подолг реципиент во однос на вратот ........ 45
Со еднакво долги реципиент и врат ........ 46
Со реципиент помал од вратот ........ 47
— Сферични ........ 49
— Со кружни вдлабнувања на реципиентот ........ 52
— Фиола ........ 55
E. Козметички садови ........ 56
— Арибалоси ........ 56
— Амфориск ........ 59
F. Шишиња ........ 60
— Со сферичен реципиент ........ 60

— Со копичен реципиент ..... 62
— Реципиент со кружни вдлабнувања ..... 65
G. Реципиенти за пиење ..... 66
— Чаши ..... 66
— Пехари ..... 69
H. Бокали ..... 70
I. Гутуси ..... 72
2. Садови дувани во калап ..... 75
A. Садови во форма на урма ..... 75
B. Амфорисци ..... 80
III. Заклучок ..... 85
IV. Библиографија ..... 102
V. Каталог ..... 111
VI. Илустрации ..... 112

# Предговор

Систематски археолошки истражувања на локалитетот Скупи се изведуваат скоро секоја година во период од околу три децении, при што се откриени огромен број на движни наоди од секаков тип. Особено голем обем завземаа истражувачките кампањи во 2001 и од 2008 до 2010 година со кои е истражен добар дел од градската територија како и голем дел од источната и западната некропола. Од т.н. Источна некропола на Скупи досега се истражени над 2800 гробови, со што истата се сместува во групата на најдобро истражени некрополи воопшто. Со овие ископувања произлезе значителен движен материјал, а меѓу другото е констатирана и релативно голема застапеност на стаклените садови. Дел од овие стаклени садови се со мошне висок квалитет, близок до садовите од големите стакларски центри, додека дел се со просечен или слаб квалитет, како производ на помали стакларски работилници. Со нивното научно третирање, односно типолошка и хронолошка анализа би се добиле повеќе податоци за економскиот, општествениот и духовниот живот во Скупи и неговата околина како микро регион.

Во овој труд се претставени стаклените садови од Источната некропола на Скупи, добиени со ископувањата на истата заклучно со 2010 година, односно анализирани се оние наоди кои до овој момент се поминати низ музејските процедури на Музејот на град Скопје, каде што истите се депонирани. Останатите наоди добиени со ископувањата во 2010 и 2011 година би добиле дополнителни анализи во некоја друга студија. Наодите од оваа некропола ни даваат прецизни научни

Карта 1


ИСТОЧНА НЕКРОПОЛА
ZLOKUĆANI
STARA OBALA
V A R D A R
za Skop
starački dom
0 50 100 m
I.Mikulčić

податоци особено заради тоа што потекнуваат од затворени гробни целини. Поради тоа нивното датирање би било јасно одредено, како со компаративен метод, односно аналогии за истите, така и со датирање на хронолошки осетливите предмети кои потекнуваат од истите целини. Најголем дел од хронолошки осетливите предмети, металните наоди, вклучувајќи ги и монетите, кои би дале најпрецизни податоци за хронолошкото детерминирање на погребувањата, а воедно и на стаклените садови, се сеуште во фаза на конзервација. Поради тоа тие нема да бидат употребени при датирањето на опфатените наоди.

При анализата на материјалот се издвојуваат две групи, одредени според технолошката постапка на нивната изработка, односно садови изработени во техника на слободно дување како и садови изработени во техника на дување во калап. Наодите одделно ќе бидат подложени на стилска анализа, типолошка класификација, датирање како и анализа на нивното потекло, карактеристики од одредени центри на производсвто и влијанија од источните или западните стакларски работилници, воглавно преку компаративни методи и аналогии. Дел од нив се третирани засебно поради нивните посебни карактеристики или нискиот степен на застапеност, а дел кои се типолошки блиски ќе бидат категоризирани во групи и третирани како целина.

## 1. Преглед на литературата

Научното третирање на античкото стакло започнува на почетокот на XX век. Во таа смисла, особено се важни пионерските публикации на Anton Kisa, студијата во три тома, Das Glas im Altertume (1908) и на Morin-Jean, La Verrerie en Gaule Sous l'empire Romain (1922-1923).

Голем допринос кон оваа проблематика подоцна дава Donald B. Harden со публикациите Roman Glass from Karanis (1936), Ancient Glass I: Pre Roman (1968), Ancient Glass II: Roman (1969) и Glass of the Caesars (1987).

Во 1957 година Classina Isings прави типологија на римското стакло во студијата Roman Glass from dated finds, која што се уште се користи како база при детерминирањето на формите на стаклените садови.

Corning Museum of Glass во Њујорк во 1959 година започнува со издавање на периодичното издание Journal of Glass Studies кое што го третира стаклото од антиката до денес, од сите аспекти, научни и уметнички. Тоа овозможува следење на научната мисла за таа проблематика на светско ниво.

Бројот на научници кои го обработуваат античкото стакло во втората половина на XX век е голем. Меѓу нив би можеле да се издвојат J.W. Hayes, D.F. Grose, R.A. Grossmann, E.M Stern, B. Schlick-Nolte, R. Lierke, Δ. Ιγνατιάδου, Α.Αντωνάρα□ и други.

Првата студија за античкото стакло во Р.Македонија, при што ги третира наодите од целата територија на Р. Македонија особено осврнувајќи се на наодите од Скупи, ја дава Иван Микулчиќ во Arheološki vestnik (1971) каде што воглавно преку каталошко презентирање ги изнесува стаклените садови од источната некропола добиени со истражувањата на истата во 1970 година.

Неколку години подоцна, со стаклото од Р. Македонија се занимава Д. Стојановиќ, кој го пишува магистерскиот труд "Античко стакло на подручју Македоније", одбранет во Белград во 1976 година.

Со римското стакло од територијата на СФР Југославија делумно се занимава и А. Цермановиќ која што сосема малку допира до наодите од Македонија.

Дел од стаклените наоди од Скопскиот регион биле објавени во периодичните археолошки списанија од СФРЈ како дел од извештаи за ископувања или студии за некрополи каде се јавуваат како наоди[1], или пак биле претставени во каталози за изложби (изложбата "Античко Скупи" во 1984 година).

[1] I. Mikulčić, Skupi – Istočna nekropola I gradski bedem, Arheološki pregled 12, Beograd 1970, 124-131, Idem, Skupi – Istočna nekropola, Arheološki pregled 13, Beograd 1971, 43-45, Idem, Skupi – Severna I istočna nekropola, A.P. 15, Beograd 1973, 74-77.

# I. Почетоците на стакларската индустрија и нејзиниот развој низ антиката

Според научните сознанија, генерално е прифатено дека тајната на правење стакло е откриена во бронзеното време, на крајот на III милениум п.н.е. Локацијата не е сигурна, но археолошките наоди укажуваат на западна Азија, веројатно Месопотамија, каде на локалитетите се откриени парчиња од сурово стакло или стаклени предмети, кои според контекстот се датирани во 23 век п.н.е. Веројатно откритието е резултат на експериментирање со фајанс или стаклести материјали, користени за глазирање на накит, керамика и друго. Овие техники биле високо развиени во средината на III милениум п.н.е. и користеле како технолошка база во развојот на новата индустрија.

На почетокот стаклото било користено како замена за полудраги и драги камења , заради што скоро сите наоди на стакло од тој период се непроѕирни и со интензивна боја. Боите варираат, но неколку нијанси на сино, како замена за лапис лазулит и црвено, како замена за карнеол или јаспис, биле особено фаворизирани.

Меѓу најраните наоди најчести се перлите, а употребата на едноставни калапи им овозможила на мајсторите помали декоративни предмети целосно да формираат од стакло. И покрај тоа што стаклото било откриено во III милениум п.н.е., стаклени садови не биле продуцирани се до доцниот 16 и раниот 15 век п.н.е. [2]

[2] D. F. Grose 1989, 45.

Веројатно Египјаните правењето на стакло го научиле од Азиските соседи. По пренесувањето во Египет, стакларската индустрија силно се развива поради изобилието на суровини кои биле потребни. Египетските работилници, не само што продуцирале многу за кралскиот двор и аристократијата, кои можеле да си дозволат таков луксуз, туку и извезувале сурово стакло во големи количини.[3]

Иако нема конкретни докази дека стакло било произведувано и на Сиро-Палестинскиот брег или на Кипар и Родос во текот на доцното бронзено време, постојат податоци дека на таа територија имало активна трговија со сурово стакло, како и со готови производи. Во најголем број случаи, садовите најдени на тамошните локалитети можат да бидат атрибуирани на египетските работилници. Меѓутоа има наоди, кои значително се разликуваат од египетските, а и такви што речиси ексклузивно се наоѓаат на кипарските некрополи. Неколку авторитети сметаат дека овие садови можеби се произведени во работилници од Кипар или брегот на Сирија.[4]

Во доцното бронзено време, со употреба и производство на стакло се поврзува и Егеја, особено Микена, Атика, Централна Грција и Крит. Садовите најдени во тие области се воглавно египетски форми заради што се сметаат за импорт од Египет. За оваа територија карактеристични се малите калапени предмети, најчесто релјефни перли. Наоди на калапи има во Микена, Хиос, Кносос и Паликастро, што укажува на тоа дека овие орнаменти биле произведувани во повеќе центри.

---

[3] Ibid. 49; R. A. Grossmann 2002, 6.
[4] D. F. Grose 1989, 54-55.

Водечките центри на бронзеното време замираат во периодот меѓу 1200 и 1100 година п.н.е. Оваа состојба се јавува како резултат на декаденцијата на цивилизациско ниво која сериозно ја загрозува трговијата и индустријата на луксузни производи. Сосема малку археолошки наоѓалишта меѓу 1200 и 900 година п.н.е. продуцирале стакло од било каков тип.[5]

Во 10-9 век п.н.е. се датирани најраните наоди на стаклени предмети од територијата на Р. Македонија. Станува збор за перли со темно сина и аквамарин боја кои потекнуваат од Будур Чифлик, Демир Капија и од Прилеп.[6]

Заживувањето на уметностите и занаетите во западна Азија и Медитеранот се резултат на политичката ренесанса на раното железно време. Производството на стаклени садови повторно е активно за време на 8 век п.н.е., особено во неговата втора половина, кога повторно се користат сите форми на садови и техники на продукција користени во бронзеното време.[7]

Од почетокот на 8 век п.н.е. стакларката индустрија и нејзините производи стигнуваат до Балканот и Италија. На италското тло, за време на 8 и 7 век п.н.е. стаклени перли, речиси ексклузивно, се наоѓани во Етрурски или Италски погребувања. Тоа сугерира дека можеби стакларството прво било претставено во централна Италија, за време на почетоците на етрурскиот развој. Во тој период почнува и производството на стаклени садови на етрурската територија. Постојат

---

[5] Ibid. 56-57.

[6] J.Korošec 1956, 104; B. Kitanovski 1960, 211-212; I. Mikulčić 1966, 10.

[7] D. F. Grose 1989, 73-74.

две теории кои ги толкуваат зачетоците на стакларската индустрија во Италија. Првата е дека Италските и Етрурските работилници, како и на север, Алпско-Јадранските работилници биле основани од доселеници од Месопотамија; и втората, дека тие се развиле независно, но под индиректно влијание на месопотамското или феничкото стакларство или нивните призводи.[8]

Во Р. Македонија повторно има наоди на перли со датација на преминот од 7 во 6 век, од стакло или стаклена паста, во повеќе бои од Висои, Беранци и Радање.[9]

Стаклени садови на територијата на Р. Македонија првпат се јавуваат на крајот на 6 век во кнежевските погребувања во Требениште, како и еден наод од Струга. И. Микулчиќ овие наоди ги атрибуира на работилниците на египетско- сирискиот брег. [10] Се работи за два наоди на амфорисци на мала конична нога, со реципиент со овален облик, благо коничен врат и обод извлечен косо нагоре. Дополнително биле прилепени две рачки, кои заедно со вратот имаат бела боја, додека реципиентот е декориран со брановидни, неизменично бели и виолетови линии. Пронајден е и еден алабастрон со сферичен облик, мал врат и косо нагоре извлечен обод и дополнително аплицирани две рачки. Бојата му е виолетово сина, со декорација на реципиентот од жолти и светло сини цик-цак линии.[11]

---

[8] Ibid. 81-82.
[9] I. Mikulčić 1976, 191.
[10] Ibid, 191.
[11] Popović 1956, 61, T. XLI/1,2,3, T. XLII/1, T. XLIII; Љ. Поповић 1994, 223-226.

Во втората половина на I милленниум п.н.е. стаклените садови стекнуваат голема популарност. Биле произведувани во големи количини и циркулирале широко во земјите околу Медитеранот: од Егеја, Црно Море, Левант, Северна Африка, Италија до Шпанија на запад. Садовите од овие пет векови, воглавно се третирани како една група, прво, заради тоа што имаат иста функција и технолошка изработка; второ, заради тоа што повеќето нивни форми потекнуваат од формите на грчката керамика и метални садови од архајскиот, класичниот и хеленистичкиот период. Имитирањето на грчката керамика е заедничка карактеристика на различните типови и форми на стаклени садови од овој период.[12]

Во хеленистичкиот период трговијата на големи далечини е значително зголемена и се создаваат нови пазари за луксузни и секојдневни производи низ Медитеранот и пошироко. Благодарение на поволните политички и економски услови повеќето постари занаети, вклучувајќи го и стакларството, процветуваат како никогаш претходно. Стакларската индустрија доживува ренесанса, почнувајќи од 3 век п.н.е. до римсиот период.[13]

Во овој период биле произведувани нови форми и декорации со голем развој во стакларската индустрија и од технички и од уметнички аспект. За прв пат се јавуваат хемисферичните калапени здели, најчесто декорирани со пластични канелури. Фрагменти од здела од овој тип се

[12] D. F. Grose 1989, 109.
[13] Ibid. 185.

најдени на нашите простори, во Стибера, Чепигово, атрибуирани според И. Микулчиќ на александриските работилници.[14]

Едно од најголемите достигнувања на стакларската индустрија за време на доцно хеленистичкиот период е мозаичното стакло и камео стаклото.

Овие техники се или откриени или развиени во Александрија, културниот и индустриски центар на хеленистичката цивилизација. Имало и други центри: кај Плиниј Постариот: Сидон, Феникија, Кампаниа, Италија, Галија и Шпанија; кај Страбон: Александрија и Рим.[15]

Во Р. Македонија има и неколку други наоди на стаклени садови од хеленистичкиот период.[16] Од некрополите кај Струга и Охрид-Дебој водат потекло садовите од стакло за чување на миризливи масла од рано хеленистичкиот период. Со најфина изработа е садот во форма на хидрија од Струга, од темно сино стакло со сјајна површина, украсен со бели и жолти цик цак линии со поголема густина на средината на садот. Со иста форма, но послаба изработка е садот од некрополата Дебој, каде што линиите се поретки и брановидни. Датирани се во 3 век п.н.е. Кон стаклените садови од овој период се приклучува и еден алабастрон од Дебој. Има високо цилиндрично тело, мал врат со широк обод и мали брадавици на телото како рачки.[17]

[14] I. Mikulčić 1976, 191.
[15] R. Newton, S. Davison 1989, 24.
[16] Сите се изработени во техника на изработка врз јадро, детално опишана на стр. 20.
[17] В. Битракова Грозданова 1987, 141, Т. 1, сл. 3-5.

Алабастрони од подоцнежен хеленизам се најдени во гробовите на Стоби, датирани во преминот од 2 во 1 век. Според В. Битракова Грозданова тие претставуваат увоз од сириските работилници.[18]

Инкорпорацијата на хеленистичките земји во римската империја, со кулминација со победата на Август над Египет, ја стимулира големата римска стакларска индустрија, која цвета од времето на Август до доцно царскиот период. Иако базирана врз хеленистичките сознанија, таа брзо се развива како независен, чисто римски концепт.

Бројни производни центри работат во областите околу Медитеранот и западна Европа, во речиси масовна продукција на трпезни и амбалажни садови. За првпат во античкиот свет скапите стаклени садови стануваат достапни во големи количини.

Доминацијата на римската стакларска индустрија е детерминирана од три меѓусебно поврзани фактори.[19]

Првиот е огромната експанзија на трговијата со стаклени производи на почетокот на царскиот период, кога стаклото ги допира и најзафрлените делови на римскиот свет.[20] Голема била и побарувачката на трговците за стаклени садови како амбалажа за добрата со кои тргуваат. Покрај лесната кршливост, тие имале одредени предности, вклучувајќи видливост низ транспарентните ѕидови и минимални последици врз вкусот или мирисот на содржината. Освен тоа, употребата на ист калап во продукција на група стаклени садови,

[18] Ibid. 142, т.1, сл. 6,8.
[19] D. F. Grose 1989, 241.
[20] Ibid, 241; C. Isings 1957, 1.

создава можност за стандардизација на волуменот, со што трговецот имал соодветна претстава за количината на добрата со кои тргува.[21]

Вториот фактор во целост е од техничка природа. Успешната комбинација на постарите техники на продукција со новите, им дозволиле на мајсторите во Италија и источниот Медитеран да произведуваат стаклени садови во огромни количини.[22] Исингс смета дека со новата техника на изработка на стаклени садови со дување и бројните форми кои таа ги овозможува, стаклото станува евтин и популарен производ.[23] Спротивно на тоа, Гросе смета дека иницијалното достигнување на римската стакларска индустрија не е базирано врз техниката на дување на стакло. Наместо тоа, според него, успехот се темели врз способноста за експлоатација и модификација на бројни техники на калапење, притискање и други начини на производство со затоплување на стаклото, наследени од хеленистичкиот период. Овие техники биле само делумно заменети со техниката на дување од првата половина на 1 век н.е. се до крајот на векот кога заради брзината и ефикасноста на дувањето некои од методите на калапење излегуваат од употреба.[24]

Третиот фактор кој придонел за развојот на римската индустрија е брзото ширење на информациите за изработка на сурово стакло и готови производи, како и зголемениот број на работилници за производство. Почетоците се во втората половина од 1 век п.н.е. и се поврзани со освојувачките кампањи на истокот. Инкорпорирањето на

---

[21] R. A. Grossmann 2002, 22.
[22] D. F. Grose 1989, 241.
[23] C. Isings 1957, 1.
[24] D. F. Grose 1989, 241-242.

територии кои имаат голема и долга поврзаност со стакларството во огромна мера допринело за развојот на стакларската продукција. Веројатно новите римско-италски работилници биле направени од мајстори кои мигрирале од истокот.[25]

Според Страбон стакларите во Рим биле заслужни за иновациите во технологијата на боење и иновациите кои го олесниле производството на стакло, а со тоа и за намалувањето на неговата цена.[26]

Основани се работилници во провинциите ширум царството, кои на почетокот ги имитираат производите на матичните работилници, па често пати за одделни предмети е тешко да се утврди вистинското место на нивното производство.[27] Покрај тоа, сличностите меѓу источните и западните работилници укажуваат на контакти меѓу стакларите низ Римската империја. Трговците кои мигрирале од Истокот кон запад носеле и нови техники и стилови. Трговијата на големи дистанци носела свежи идеи и им овозможувала на стакларите да ја следат актуелната мода.[28]

Бројот на наодите на стаклени садови од Р. Македонија во римскиот период ја следи општата тенденција на големо зголемување. Тоа особено се потврдува на некрополите на Стоби[29] и Скупи[30]. Дел од овие стаклени садови се со мошне висок квалитет, близок до садовите

---

[25] Ibid. 241-242.

[26] Strabo, Geographica XVI.2.25.

[27] V. Damevski 1974, 63.

[28] R. A. Grossmann 2002, 26-27.

[29] Д. Стојановиќ, 1976.

[30] I. Mikulčić 1976, 192-198.

од големите стакларски центри, додека дел се со просечен или слаб квалитет, како производ на помали стакларски работилници.

Големиот број на предмети, како и бројните варијанти во склоп на одредени типови на садови, особено оние со поедноставни форми, како унгвентариумите, укажуваат на можна локална продукција, иако директни докази за тоа не се констатирани.

Со тек на време и западните работилници прераснуваат во силни центри, создавајќи свои специфични форми, по кои се разликуваат едни од други.[31] Плиниј пишува дека стакларството се ширело од Италија низ галските и шпанските провинции.[32] Работилниците по Рајна толку многу го интензивираат производството во 3 и 4 век, што ја превземале водечката улога на пазарот на цела западна Европа.[33]

Во 4 век во Р. Македонија стаклото е често во богатите погребувања. Од нив особено се истакнуваат погребувањето од Зајас, Кичево со меѓу другото наоди на две раскошни амфори, со безпрекорна изработка и висина од 42 см[34], како и погребувањето во Таранеш, Дебар со фантастичниот наод на диатрета[35], како сигурен импорт од келнските работилници.

---

[31] V. Damevski 1974, 63.

[32] Plinii Secundi, Naturalis Historiae, XXXVI,66.

[33] V. Damevski 1974,66.

[34] В. Битракова 1966, 95-97.

[35] М. Ивановски 1984, 219, Idem. 1987, 81-90.

## 1. Состав и бои на стаклото

Основните материјали од кои е составено античкото стакло се соединенија на натриум или калиум, силициум диоксид и калциум оксид. За да се стопи силициум диоксидот (песок) се потребни високи температури (1720 степени целзиусови), кои во антиката било невозможно да бидат постигнати. Соединенијата на натриумот или калиумот (ги има во пепелта добиена со горење на растенија, дрво) овозможуваат да се намали температурата на негово топење.[36] За да се направи стакло кое може да се обработува, неопходно е да се додадат одредени оксиди кои ја создаваат мрежата, стабилизатори и обојувачи, кои исто така имаат конкретни ефекти врз структурата на финалниот производ.[37] Така на пример, калциум оксидот на стаклото му давал цврстина и издржливост.[38]

За составот на стаклото и начинот на негово добивање, покрај преку хемиски анализи, дознаваме и од античките и средновековните автори.

Според Плиниј Постариот (23-79 година н.е.) начинот на добивање на стакло бил откриен случајно, од страна на трговци Феничани.[39] Тој во своите записи, во најмала рака, го дава рецептот за производство на стакло: топлина, песок, односно силициум диоксид и шалитра, односно натриум нитрат.

---

[36] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 19.
[37] R. Newton, S. Davison 1989, 2.
[38] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 19.
[39] Plinii Secundi, Naturalis Historiae, XXXVI,65.

Истите потребни состојки ги наведува и Теофил (12 век н.е.). Тој пишува дека за да се направи стакло треба да се помешаат две единици пепел од изгорено дрво со една единица пречистена песок. По загревањето на смесата би се добило стакло.[40]

Во антиката, стакларите употребувале само две состојки: силициум диоксид и соединенија на натриум или калиум, незнаејќи дека треба да додадат и калциум оксид кој би му ја дал цврстината на стаклото. Само може да се претпоставува колкав е бројот на стаклени приозводи кои се комплетно распаднати, оставајќи ги оние кои случајно содржат калциум оксид. Веројантно кај тие случаи тој е присутен случајно, со силициум диоксидот во форма на искршени школки, измешани со морската песок или со соединенијата на натриум, заради тоа што пепелта од некои растенија содржи калциум оксид. Античките стаклари знаеле која песок или пепел се добри за правење на стакло, несвесни за причината која доведува до тоа.[41]

* * *

Природната боја на стаклото е обично бледо сино-зеленкаста, заради малите количини на метални оксиди како железо, кобалт, бакар, никел или магнезиум во суровините. Широк спектар на жолтеникави и сино-зеленкасти нијанси можат да се добијат без додавање на

[40] Theophilus, On Divers Arts, II, 4-5.
[41] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 19.

дополнителни елементи, само со контролирање на количеството на кислород во печките при изработката на предметите.

Почнувајќи од 16 век п.н.е., кога биле произведени првите стаклени садови, стакларите создавале голем број на јасни бои, со додавање на метални оксиди во смесата. Бакарот дава сина, зелена и црвена боја, манганот дава розе и пурпурно црвена[42], а со кобалтот (често употребуван во Египет) се добива длабоко сина боја.[43] Ограничената прозирност на повеќето рани предмети од стакло е резултат на ниските температури при топењето на смесата, заради кои микроскопски балончиња со воздух остануваат во стаклото при неговото ладење. Понекогаш намерно бил додаван антимон, како додаток кој ја намалува провидноста. Антимон комбиниран со олово дава непровидно жолта, а во комбинација со калциум, непровидно бела боја.

Црно обоеното стакло било тешко да се произведе. Црното стакло од Месопотамија од II милениум п.н.е. било добивано со редуцирано железо. Впечатокот на црна боја обично бил постигнат со прозирно, обоено стакло, кое изгледа дека е црно кога врз него нема директна светлина.[44]

За добивање на чисто, безбојно стакло остатоците од железо во суровините биле неутрализирани со додавање на антимон или манган во

---

[42] Ibid. 20.

[43] Ibid. 20; Th. Rehren 2001, 488.

[44] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 20-21.

мали количини.[45] Ова е употребено најрано во доцниот 8 век п.н.е. во западна Азија и повторно во 5 и 4 век п.н.е. во Грција.[46]

## 2. Техники на производство

### А. Техника на изработка врз јадро

Техниката на изработка врз јадро е најраната техника употребувана за производсво на стаклени садови, веројатно е откриена околу средината на 16 век п.н.е.[47] Иако се смета дека почетоците на оваа техника потекнуваат од северна Сирија или северна Месопотамија, садови биле произведувани на широк географски регион, од Месопотамија и Египет на исток, преку Медитеранот, до Италија на запад. Овој метод на продукција бил користен во долг временски период од 16 век п.н.е. до раниот 1 век н.е. Во Грција се употребува од 6 век п.н.е., а садовите ги имитираат формите на грчката керамика.

Во оваа техника мајсторот го произведува садот на тој начин што прави јадро со форма на внатрешноста на посакуваниот сад, изработено од глина, песок и органски материи, кое е поставено на метална прачка. Потоа јадрото се покрива со стаклени парченца, па се загрева додека не се добие еднолична смеса или врз јадрото се нанесува жешка стаклена маса. Ѕидовите на садот се доврпуваат со негово тркалање напред -

---

[45] Ibid. 21; C. M. Jackson 2005, 774.
[46] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 21.
[47] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 28-29.

назад врз мазна камена површина додека стаклото е сеуште меко (сл. 1).[48]



сл. 1

Декорирањето било изведувано со додавање на претходно подготвени ленти од стаклена паста, со различна боја од онаа на основата на садот. Нитките биле обвиткувани околу садот, а за да бидат добро соединети, површината и дополнително нанесената декорација биле заедно загревани. Дебелината на нишките зависи од загреаноста и брзината на ротирањето на јадрото. Поголемата загреаност и побрзата ротација резултирала со потенки нишки и обратно. Дејството се завршува со остра алатка со која се повлекуваат вертикални зарези врз декоративните линии на ѕидовите на садот (сл. 1). Ѕидовите биле мазнети и со тркалање на садот врз мазна камена површина.

[48] Ibid. 29-30.; D. F. Grose 1989, 46.; R. A. Grossmann 2002, 7.

Садовите најчесто се со светла или темна сина боја декорирани со темно или светло сини, бели и жолти нишки. Поретки се виолетови садови со бели, жолти и сино-зеленкасти нишки или бели садови со темно сини, светло сини и жолти нишки.[49]

Мајсторите, по завршувањето на декорацијата, ги формирале ободот и ногата од стаклото од кое било изработено телото на садот. Понекогаш била додавана монохромна или бихромна навиткана нишка од стакло на рабовите на садот. Ободот скоро никогаш не бил дополнително додаден, а ногата, ретко. Дополнително биле местени рачките направени од лента од стакло, омекната на оган и залепена за садот.

По завршувањето на процесот на изработка, јадрото и садот се ладат, металната прачка и јадрото се отстрануваат, по што формата на садот не може да биде променета.[50]

Во Р. Македонија има и неколку наоди на стаклени садови изработени во оваа техника со потекло до Требениште[51], потоа садови во форма на хидрија од некрополите кај Струга и Охрид-Дебој, од 3 век п.н.е. Алабастрони од подоцнежен хеленизам се најдени во гробовите на Стоби, датирани во преминот од 2 во 1 век. Според В. Битракова Грозданова тие претставуваат увоз од сириските работилници.[52]

---

[49] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 32.

[50] Ibid. 36-37.

[51] Popović 1956, 61, T. XLI/1,2,3, T. XLII/1, T. XLIII; Љ. Поповић 1994, 223-226.

[52] В. Битракова Грозданова 1987, 141, Т. 1, сл. 3-6, 8.

## В. Калапење

Иако техниката на изработка врз јадро била првиот начин на производство на стаклени садови, неколку начини на калапење следувале брзо потоа, со рани примери од Блискиот Исток и Египет, датирани во 15 век п.н.е. И покрај нивното рано откривање, техниките на калапење биле ограничено користени до хеленистичкиот период. Подемот на калапеното стакло во почетокот на 3 век п.н.е. оди паралелно со опаѓањето на популарноста на техниката на изработка врз јадро, која во 1 век н.е. веќе била застарена.[53]



сл 2

Станува збор за техника на исполнување на калап со аморфна стаклена маса (сл. 2). Мајсторите над оган топеле парче стакло поставено на керамичка или метална прачка, и потоа меката смеса ја притискале во калапи. Најраните начини на калапење веројатно биле изведувани со ставање на ладни парчиња стакло во ладен или затоплен калап, а потоа загревани. Со зголемувањето на температурата стаклото се топи и го добива посакуваниот облик.

Веројатно под влијание на лиењето бронза во cire perdue техниката, истата била употребувана и за изработка на стаклени садови. Кај таквиот процес жешкото стакло го топи слојот на восок нанесен

[53] R. A. Grossmann 2002, 8.

меѓу деловите на калапот во формата на посакуваниот сад и го завзема неговото место.[54]

Кај двата начина ободот, дното и рачките или биле во составот на садот, добиени при калапењето или биле дополнително додавани, но само додека садот е топол.[55]

**- Притискање**

За да направат сад во оваа техника, античките стаклари ставале загреана стаклена плоча во форма на диск со посакуваниот диаметер врз конвексен или конкавен калап и го оставале стаклото да се спушти заради сопствената тежина (сл.3). Одредени детали кај готовите продукти индицираат на кој тип на калап бил притиснат садот, односно кај оние кои биле изработувани на конвексен калап ободот е поширок, заради тоа што стаклото паѓа надолу, за ралика од садовите изработувани на конкавен калап кај кои стаклото е акумулирано на дното.[56]

---

[54] D. F. Grose 1989, 32; E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 51.
[55] D. F. Grose 1989, 32-33.
[56] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 69-70.



сл. 3



сл. 4

Со оваа техника биле изработувани и ребрестите здели. По спуштањето на стаклениот диск врз конвексниот калап, со алатка бил притискан неговиот раб кон калапот, со што бил изведуван ободот. Со вертикално притискање врз реципиентот на садот биле изведувани ребрата (сл.4). Кај овие здели, за разлика од надворешната, наребрена страна, внатрешната останува мазна.[57]

Фрагменти од здела изработена во оваа техника се најдени и во Р. Македонија, односно во Стибера, Чепигово, атрибуирани според И. Микулчиќ на александриските работилници.[58]

---

[57] Ibid. 72-79.

[58] I. Mikulčić 1976, 191.

## C. Техника на дување

Повеќето стакларски техники развиени во хеленистичкиот период излегле од употреба за време на првиот век н.е. Револуцијата во стакларството била иницирана од новата техника на дување на стакло, која потоа доминирала во оваа индустрија. Се смета дека во 1 век п.н.е. стакларите од Сиро-Палестинскиот брег ја откриле новата алатка, цевката за дување, што им овозможило во целост да ги истражуваат новооткриените карактеристики на стаклото.[59]

Новиот процес им овозможил на стакларите да направат едноставен сад за неколку минути. Дуваните стаклени садови повеќе не биле луксуз достапен единствено на богатите, туку можеле да ги имаат поголем дел од населението. Далеку поголемата бројност на стаклени садови во истражуваните објекти на археолошките локалитети датирани во 1 век н.е. покажува дека стаклото станало стандарден домашен материјал. Биле продуцирани садови во скоро секоја форма и големина.[60]

Процесот на дување стакло може да има голем број варијанти, но голем дел од техниките користени во антиката се користат и денес. Тој во основа содржи надувување на растопено стакло од мајсторот кој дува низ цевката за дување, долга, тесна и најчесто од метал. Откако пополека ќе го надува стаклото, дувачот го создава посакуваниот облик или со тркалање на садот врз мазна површина или со употреба на алатка. Кога стаклото ќе ја добие посакуваната форма, стакларот го

[59] E. M. Stern, B. Schlick-Nolte 1994, 81.
[60] R. A. Grossmann 2002, 10.

дува садот до полната големина. Потоа цевката за дување се извлекува, вратот и ободот на садот се доработуваат и, ако е потребно, се додаваат рачки. На крајот, завршениот сад поминува низ спор процесс на ладење, во издвоен дел од печката, каде останува додека не се излади доволно, за да биде тргнат без да се скрши.[61]

**- Стакло дувано во калап**

Техниката на изработка на стакло дувано во калап, која се јавува во 1 век н.е. е спој на дувањето и начините на калапење. Стаклото се дува затворено во повеќеделен калап. Тој ја создава формата на садот и релјефните претстави на него. Како и претходните техники на калапење и оваа им дала на стакларите широк простор за облици и декоративни можности. Дувањето во калап ги надминува претходните техники, особено во умешноста на изведување на сложени детали и генералниот квалитет на готовиот производ. Овој тип на садови станале особено популарни за мали козметички амбалажи, со што стаклото станало уште повеќе барано на пазарот.[62]

[61] Ibid. 10; D. F. Grose 1989, 33.
[62] R. A. Grossmann 2002, 14; D. F. Grose 1989, 33.

# II. Стаклени садови

## 1. Слободно дување

### D. Унгвентариуми

Термините balsamon на старогрчки јазик или balsamum или unguentum на латински јазик означуваат мирисливи, козметички или фармацевтски супстанци, кои можат да бидат во цврста или течна форма. Некои продукти, како темјанот, оддавале мирис со согорување, односно per fumum, од каде и доаѓа денешниот збор парфем.[63] За реципиентите во кои се чувале овие мирисливи супстанци не е најден адекватен термин кај античките извори. Во современата наука тие се нарекуваат унгвентариуми или балсамариуми, термини произлезени од функцијата на садовите, кои во нивното буквално значење преставуваат синоними.

Најраните стаклени садови, произведени во доцниот 16 или раниот 15 век п.н.е.[64] во основа биле унгвентариуми во буквална смисла на зборот, односно реципиенти за мирисливи масла. Нивните димензии укажуваат на вредноста на супстанцијата која се чувала во нив. Поради мазната површина и непорозноста на ѕидовите на стаклото не доаѓало до навлегување на течноста во малите дупчиња како во керамичките садови. Предност во однос на керамичките садови биле и минималните последици врз мирисот или вкусот на содржината.[65]

---

[63] V. Chapot, Daremberg, C. – Saglio, E, 1919, 591-198.

[64] D. F. Grose 1989, 45.

[65] R. A. Grossmann 2002, 22.

Првите садови произведени по откривањето на техниката на дување на стаклото, во втората половина на 1 век п.н.е. биле унгвентариумите. Со тек на време името станува практично монополизирано од формата, додека за останатите реципиенти за миризливи масла се користат други имиња, најчесто согласно формата на керамичките садови кои ги имитираат.

Експанзијата на стакларската индустрија за време на царскиот период како и брзото ширење на информациите и трговијата на големи дистанци, доведува до тоа овие садови да допрат и до најзафрлените делови од римскиот свет.

Во стручната литература унгвентариумите се поделени на различни начини, под различни типови и групи кои се именувани со различни имиња. Некои автори се склони кон диференцијација и на најмалите варијанти како автономни форми, а други бројот на типови го сведуваат на минимум, а разликите ги означуваат како подтипови или воопшто не ги коментираат. Типологијата на унгвентариумите и именувањето на типовите не се поклопуваат скоро кај ниеден автор.

Реципиентите за миризливи масла ја сочинуваат најбројната и најразновидната група на стаклени садови на Источната некропола на Скупи, што е и очекувано поради тоа што овој тип на садови биле користени како во секојдневниот живот така и во сепулкралната пракса.

Според разликите во формата на реципиентот, како и според соодносот помеѓу вратот и телото на унгвентариумите, истите се сместени во 7 типа и тоа: полусферични, конични, ѕвонолики, тубуларни или цевчести,

сферични, унгвентариуми со кружни вдлабнувања и вретенасти, односно фиоли.

— ***Полусферични***

Садовите кои припаѓаат на типот на полусферични унгвентариуми се одликуваат со заоблен до благо коничен реципиент, чија што најголема ширина е на средината, или во долната третина. На Скупи се најдени 14 наоди кои припаѓаат на оваа група (кат 1-14). Завршуваат со мошне стабилно, рамно до сосема благо вовлечено дно. Вратот е цилиндричен со обод хоризонтално извлечен и заоблен на работ или косо извлечен нагоре. Висината се движи од 6,5 до 16 см, а пречникот на дното, кој скоро се поклопува со максималната ширина на реципиентот, е од 3,5 до 9 см. Висината на реципиентот изнесува една третина од вкупната висина на садот, односно реципиентот и вратот се во однос 1:2. Сите примери се делумно проѕирни и имаат светло сина боја со слаба иридација. Откриени се и во гробови со кремација од етажен тип и во гробови со скелетно погребување.

Според типологијта на De Tommaso овие унгвентариуми би биле сместени под типот 32[66]. Исклучок претставува унгвентариумите под кат.бр. 1, 2, 5, 11 и 12 поради нивниот нагласено кружен реципиент. Тие во оваа типологија би припаднале под типот 14[67] со таа разлика што кај унгвентариумите кат. 2, 5, 11 и 12 ободот е хоризонтално извлечен и задебелен на работ, или преклопен кон внатрешната страна, додека кај кат. 1 е со косо нагоре извлечен обод со рамен раб, како и кај северно

[66] G. De Tommaso 1990, 58

[67] Ibid, 47.

италските примери кои ги обработува авторот. Истите се датирани во флавиевската епоха. Унгвентариумот под кат.бр. 4 има реципиент кој е нагласено елипсовиден за разлика од останатите во оваа група, но сепак според генералните карактеристики не би требало да биде извлечен како посебен тип или подтип.

Садовите се изработени од проѕирно стакло со природни, односно сино-зеленкаасти нијанси. Според бојата се издвојува унгвентариумот кат. 13 кој има интензивна сина боја, добиена веројатно со манипулација на количеството на кислород при изработката на суровото стакло. Поради ова може да се претпостави негова источна провиниенција.

Овој тип на унгвентариуми е наоѓан во сите делови на Римското царство. Широко е раширен низ целиот Апенински Полуостров за време на втората половина од 1 и 2 век н.е., Помпеа и Херкуланум во јулиевско-клаудиевската епоха. Наоѓани се и во Галија и рајнските области, потоа на Сифнос и Приене во втората половина на 1 век н.е., Дура Еуропос во 2 век, Кипар и Египет во 1 и 2 век.[68] Од втората четвртина, до крајот на 1 век се присутни на црноморскиот брег, Романија[69]. Застапени се и на Балканот: Марибор, Птуј, Емона вторра половина на 1- прва половина на 2 век[70]; Стариград 1-2 век[71]; Теутобригум 1-3 век[72]; Бакар 1 век[73]; Сирмиум 1-3 век[74], Наис од 3 до 4 век[75], југоисточната некропола на

---

[68] G. De Tommaso 1990, 58; А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 166-167.

[69] M. Bucovala 1986, 56.

[70] S. Petru 1972, T.LIV, sl.21; I. Lazar 2003, 178,187,195-196, sl. 50.

[71] I. Fadić 1989, 21-23; Idem. 2006, 39, kat.9.

[72] V.Šarović Svetek 1986, 28, 68, kat. 180, T.XVI, sl.4, T.XIX, sl.3.

[73] V. Damevski 1974, 63, T.1, sl.5, авторот претпоставува италска провиниенција.

[74] M.A. Ružić 1994, 22-23, 86, T. XV, sl. 3.

[75] С. Дрча 1999-2000, 216, кат.46, Т.VI, сл.46.

Доклеа, прецизно датирани со монети на Домицијан и Хадријан[76], Албанија: Бутринт и Драч[77].

Генерално унгвентариумите од овој тип се датирани во 1 и 2 век н.е. Исклучок претставува примерокот од Наис датиран релативно доцна од 3 до 4 век и наодите од Сирмиум кои се широко датирани од 1 до 3 век.

Покрај според аналогните примери на садови од овој тип, наодите од Скупи можат да бидат датирани со датирањето на хронолошки осетливите предмети кои потекнуваат од истите гробни целини. Гробовите 124 и 137 од каде потекнуваат садовите кат. 9 и 10 се датирани во времето на флавиевците и во периодот од Домицијан до Хадријан.[78] Од гробот 1001 во кој е приложен садот кат. 1 потекнува и луцерна со инскрипција на дното MVNREST. Сигнатурата MVN ни укажува дека таа е изработена од фамилијата Мунатии кои работеле за време на 1 и раниот 2 век. [79] Истата датација важи и за гробот 1157, односно садовите кат. 2, 3, 4, 5, 6 кои биле приложени во него, поради тоа што садот 3119 е аналоген на 1164 кој е прецизно датиран со луцерна со инскрипција L-MVN-SVC, изработена од конкретната работилница. Според сето тоа произлегува дека полусферичните унгвентариуми се присутни на Скупи и Скопскиот регион во периодот од втората половина на 1 век до првата половина на 2 век.

---

[76] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 166-167, сл.33.
[77] F. Tartari 2005, 73-78, T. IV, sl. 95, 97, 99, T. V, sl. 101-110.
[78] I. Mikulčić 1974,193-195, T.II, 269, T.V, 371.
[79] J. Deneauve 1969, 83-93.

Потеклото на овој тип унгвентариуми на Скупската некропола не е извесно. De Tommaso наодите од овој тип со хоризонтално извлечен обод, задебелен на работ им ги припишува на работилниците на Кипар и Сирија[80]. Таа карактеристика на ободот ја имаат сите наоди од овој тип од Скупи, со исклучок на кат. 1 има косо нагоре извлечен обод со рамен раб.

— ***Конични***

Во типот конични унгвентариуми припаѓаат унгвентариумите кои се одликуваат со конична форма на реципиентот, кој е најширок во долната третина. Кај овие унгвентариуми се јавуваат неколку варијанти во начинот на решавање на телото или пак во односот на телото и вратот.

Наодите кат. 15-30 се одликуваат со коничен до благо заоблен реципиент, кој завршува со рамно до сосема малку вовлечено дно. Вратот е цилиндричен, нагласено одделен од телото, кај некои примери со конвексно проширување при преодот кон реципиентот. Ободот се јавува во неколку варијанти: остро хоризонтално извлечен, па преклопен од горната страна, косо надолу извлечен, па преклопен од горната страна или пак косо нагоре извлечен, со рамен раб. Висината на реципиентот кај овие садови изнесува третина од вкупната висина на садот која е кај нашите примери се движи од 11,3 до 12, 3 см. Максималната ширина, односно пречникот на дното, се движи 3,5 до 5,2 см. Кај повеќето примери стаклото е скоро непроѕирно со нерамна површина, доста груба изработка и голем број на меури со воздух

[80] G. De Tommaso 1990, 58.

останати при процесот на дување на садот. Бојата е темно зеленкаста и имаат интензивна иридација.

Кон оваа група може да се приклучи и унгвентариумот кат. 34, на кој што квалитетот на стаклото скоро во целост се поклопува со горе наведените примери. Од нив делумно се разликува според формата на реципиентот, кој што е со триаголен пресек, но неговите ѕидови се спуштаат под потап агол во однос на претходните примери.

Овие унгвентариуми од скупската некропола се откриени и во гробови со кремација во обична гробна јама и од етажен тип, како и во гробови со скелетни покојници.

Овој тип на садови се совпаѓа со групата/типот 43 според типологијата на De Tommaso, кој ги датира од Нерон до крајот на 2 век. Кај него се обработени италските примери кои се со делумно помала висина од Скупските. Се разликуваат и по решението на ободот, кој е косо нагоре извлечен, иако авторот наведува дека кон истата група се приклучуваат и примерите со делумно заоблен раб. Според формата на ободот, Скупските унгвентариуми би се приближиле до групата/типот 42 кај De Tommaso, при што и коничната форма на реципиентот би се поклопила. Сепак унгвентариумите вброени во оваа група имаат значително помал врат, од Скупските, односно односот помеѓу реципиентот и вратот е 1:1, за разлика од нашите примери кај кои односот е 1:2[81].

Според типологијата на Ирена Лазар овој тип на унгвентариуми би припаднале под варијантата 8.6.6. Таа ја дава истата датација како и De

[81] G. De Tommaso 1990, 66-67.

Tommaso, со што наведува и подоцнежни примери, односно употреба до почетокот на 3 век[82].

Паралели со коничните унгвентариуми од Скупи наоѓаме и во Аквилеа, каде што Calvi ги датира на крајот на 2 и 3 век. Истата датација ја дава и Зринка Буљевиќ за унгвентариумите од Салона при што ја нагласува нивната источна провиниенција.[83]

Поширока датација од 1 до 4 век дава Isings (тип 28b), која примери од Каранис датира од 2 до 4 век[84].

Скупските примери се датирани според останатите хронолошки осетливи наоди кои потекнуваат од конкретните гробни целини. Имено садот 20 е приложен меѓу другите наоди со дел од саовите дувани во калап во форма на урма кои имаат релативно прецизно одредено време на производсвто од нешто пред средината на 1 до раниот 2 век. Наодите кат.20, како и кат.19 и 25 се приложени заедно со унгвентариуми со полусферичен реципиент кои се датираат од втората половина на 1 до првата половина на 2 век. Делумно подоцнежен е садот 34, од втора половина на 2 – прва четвртина на 3 век, период одреден земајќи ја предвид луцерната со инскрипција [C]IVNALEX приложена во истиот гроб.[85] Според ова, а и според аналогните наоди, датацијата на овие примери на конични унгвентариуми од Скупи би била од втората половина на 1 век до првата четвртина на 3 век.

---

[82] I. Lazar 2003, 183-185, 196, sl. 50.

[83] Z. Buljević 2004, 89.
[84] C. Isings 1957, 42-43.
[85] J. Casas 1998, 66.

Кон овој тип на унгвентариуми се додадени и оние со нешто поголем реципиент, односно унгвентариумите кај кои реципиентот изнесува половина од вкупната висина, а останатите генерални карактеристики им се исти со претходно опишаните (кат. 31, 32, 33). Ободот е хоризонтално извлечен, па преклопен кон внатрешната страна или косо надолу извлечен, па преклопен кон внатрешната страна. Реципиентот им е со конична форма и максимална ширина во долната третина. Нагласено е одвоен од вратот, кој е цилиндричен со конвексно задебелување при преодот кон телото. Дното е широко, стабилно, рамно до благо конкавно. Припаѓаат на типот 42 на De Tommaso. Се среќаваат во северна Италија. Според De Tommaso овие садови се производ на источните, односно египетските работилници.[86]

Примерите кат. 35-40 според формата на реципиентот, кој што секако има конична форма, неминовно се блиски до садот кат. 34. Она што ги одвојува од него е составот и квалитетот на стаклото, како и начинот на одвојување на реципиентот од вратот. Имено се работи за садови изработени од стакло со повеќе или помалку висок степен на провидност и нејчесто мазна површина (исклучок претставува садот кат. 39 кај кој се нагласено видливи трагите од изработката: голем број балончиња со воздух, како и вертикални и коси линии останати при извлекувањето на стаклената смеса). Изведбата на ободот е повторно различна кај различни примери. Така има садови со хоризонтално извлечен и задебелен обод со триаголен пресек кат. 37, потоа косо надолу извлечен обод со преклопен раб кон внатрешната страна кат. 38 и како и садови со косо нагоре извлечен обод со рамно пресечен раб кат. 39. Кај овие садови преодот од вратот кон реципиентот е јасен, но не е нагласен

[86] G. De Tommaso 1990, 66.

со стеснување како кај кат. 34. Дното е широко и стаблино, рамно до благо конкавно, со значително поширок пресек од останатите ѕидови на садовите.

Директни аналогии до овој начин на изработка на коничните унгвентариуми има во Будва со датација во 1 век[87] и Грција, односно Солун, датирани во 1- ран 2 век.[88]

Според овие примери и Скупските садови би биле датирани во втората половина на 1 и раниот 2 век.

Унгвентариумите кат. 41-46, 48,49, 54-70 според генералните карактеристики на формата ги имаат истите специфичности на претходно опишаните садови (кат. 15-30). Односно се одликуваат со коничен до благо заоблен реципиент, кој завршува со благо конкавно. Вратот е цилиндричен, понекогаш коничен со видливо проширување во горниот дел, односно кон ободот. Повеќе или помалку нагласено е одделен од телото. Ободот се јавува во неколку варијанти: остро хоризонтално извлечен, па преклопен од горната страна, косо надолу извлечен, па преклопен од горната страна или пак косо нагоре извлечен, со рамен раб. Висината на реципиентот кај овие садови изнесува третина од вкупната висина на садот која се движи од 7,5 см до 14, 7 см. Максималната ширина, односно пречникот на дното, се движи 2 до 4,6 см. Овие садови се одвоени и посебно третирани поради квалитетот на стаклото. Во овој случај станува збор за провидно стакло, со повеќе или помалку мазна површина. Квалитетот е различен, кај некои примери скоро воопшто не се видливи балончиња со воздух како и други траги од изработката, додека кај други се толку нагласени што стаклото ја губи провидноста. Унгвентариумот кат. 64 има коничен до благо сферичен

[87] M. Veličković 1976, 168, sl 9.

[88] Α.Αντωνάρα□ 2009, тип.131, 302-305; Γυάλίνο□ Κόσμο□ 2010, кат.199, кат.404, 271,363.

реципиент, но сепак, според генералните карактеристики припаѓа во групата на конични унгвентариуми.

Садовите од овој тип се често се среќаваат во римскиот свет. Присутни се низ цела Италија, датирани од Нерон до крајот на 2 век[89], на Балканот: Дрново, Птуј, Церкница, Добова, Ново место, Рибница, датирани од 1-3 век[90]; Стариград (Аргируntum), од крај на 1-2 век[91]; Солин (Салона), од средината на 1 до средината на 2 век[92]; Дукља (Доклеа) прецизно датирани со нумизматички материјал од средината на 1 до крајот на 2 век[93], Солун, со појава во тектот на 1 век[94], Албанија, Драч, во 2 век[95], Црноморскиот брег, Томис, датирани во 2 век[96], Египет датирани од средината до крајот на 1 век[97].

Во гробовите 1054 и 1814 од каде потекнуваат садовите кат. 45 и 41 се приложени луцерни со инскрипција L-MVN-SVC, производ на работилницата на фамилијата Мунатии која фунционирала за време на 1 и раниот 2 век. [98] Според тоа, според општите податоци за развојот на градот , како и според аналогните примери на овој тип на конични унгвентариуми, садовите кои потекнуваат од некрополата на Скупи би биле сместени од втората половина на 1 век до крајот на 2 век.

[89] G. De Tommaso 1990, 66-67.
[90] I. Lazar 2003, sl. 50, 183-185, 196.
[91] I. Fadić 2006, кат. 124, 81.
[92] Z. Buljević 2004, сл. 6, 89-90.
[93] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, сл. 35, 168.
[94] Γυάλίνο□ Κόσμο□ 2010, кат.143, кат. 147, 250.
[95] F. Tartari 2005, 79-80, T. V, sl. 109, T. VI, sl. 111-113.
[96] M. Bucovala 1986, 106-110.
[97] N.Kunina 1997, 322-326, kat. 360-363.
[98] J. Deneauve 1969, 83-93.

Кон овој тип на унгвентариуми ги приклучуваме и кат. 47, 50-53, 71-96. Се работи за унгвентариуми со коничен реципиент, најширок во долната третина, кој завршува со благо вовлечено дно. Од телото, без воопшто нагласен преод, преку постепено стеснување продолжува долгиот цилиндричен врат. Практично вратот и реципиентот се претопуваат еден во друг и не е сосема јасно каде завршува едниот, а почнува другиот. Кај ободот се јавуваат различни решенија, односно тој може да биде хоризонтално извлечен или косо надолу извлечен со пореклопен раб кон внатрешната страна или пак косо нагоре извлечен со рамно пресечен раб. Висината на садовите се движи од 7 до 10,9 см, а пречникот на дното од 2 до 5,5 см. На некрополата на Скупи се нејдени и во гробови со кремација и во такви со скелетно погребување.

Овој тип на унгвентариуми може да се поврзе со типот 33 и 34 кај De Tommaso, зависно од начинот на изведување на ободот. Присутни се особено во северна Италија (Биела, Новара, Павија, Брешија, Верона, Аквилеа, Тревисо, Каниѕано, Алтино, Есте, Брешело, Болоња, Урбино, Сентинум, Алба, Рим, Волтера...), потоа во Галија, пореката Нида (Полска), југо-западна Германија и словенските области, датирани во доцнофлавиевската и раноантонинската епоха.[99]; на Балканот се јавуваат во Словенија, Церкница, Дрново, Птуј, датирани во 2 и првата половина на 3 век[100]; Салона, со иста датација како и италските примери, во доцнофлавиевската и раноантонинската епоха[101], Стариград (Аргируинтум), датирани на крајот на 1 и во 2 век[102]; Сремска Митровица (Сирмиум) од 1- 4 век, Равна (Тимакум Минус) крајот на 1 и почетокот на 2 век, Белград (Сингидунум) 2-4 век,

[99] G. De Tommaso 1990, 59-60; M.C. Calvi 1969, T.3, sl.5-6.
[100] I. Lazar 2003, sl. 50, тип. 8.6.7., 185-186, 195-196.
[101] Z. Buljevic 1999, 85, T.VI сл. 232; Idem. 2004, 91, 93.
[102] I. Fadić 2006, кат. 127-8, 82, 115.

Костолац (Виминациум) 2 век[103]; Албанија, Дирахион со датација во 1-2 век[104], Црноморскиот Брег, Томис, датирани во 2 век[105].

Кога се работи за примерите од Скупи, повторно улога играат хронолошки осетливите предмети од гробните целини од кои потекнуваат конкретните наоди. Имено садот кат. 84 од гроб 1164 може релативно прецизно да се датира, поради тоа што од истата гробна целина потекнува луцерна со натпис L-MVN-SVC, односно во втората половина на 1 до раниот 2 век.[106] Садовите кат. 80 и 81 потекнуваат од гробна целина во која што е приложена монета од Нерон.[107]

Според сето тоа, како и според аналогните примери на овие унгвентариуми, наодите од Скупи би биле датирани од средината на 1 и во текот на 2 век.

Унгвентариумот кат. 205 според формата на реципиентот е сместен во групата на конични унгвентариуми, но сепак се издвојува според некои конктерни карактеристики. Имено се работи за сад од непроѕирно стакло со зелена боја и мошне интензивна иридација. Ободот е хоризонтално извлечен, а потоа префрлен од горната страна кон внатре. Вратот е циindричен и преминува во конично до ѕвонолико, мошне широко тело. Дното е значително конкавно, скоро до коренот на вратот, поради што капацитетот на реципиентот е скоро целосно лимитиран. Вакво решение на дното и ограничување на капацитетот на садот не е забележано на ниту еден од останатите стаклени наоди од Скупи.

---

[103] M.A. Ružić 1994, 25-27, T. XVI, sl. 7-22.
[104] F. Tartari 2005, 81-85, T. VI, sl. 115, 118, 120-125.
[105] M. Bucovala 1986, 99-101.
[106] J. Deneauve 1969, 83-93.
[107] I. Mikulčić 1974,193.

Според типологијата на De Tommaso би припаднал под типот 49. Аланогни наоди се присутни во северна Италија, Аквилеа, Болоња, Рим, потоа Панонија, Триер, а доста се чести на Истокот.[108]

Нашиот пример е датиран според останатите хронолошки осетливи наоди приложени во гробот во периодот од Домицијан до почетоците на владеењето на Хадријан.[109]

— ***Ѕвонолики***

Унгвентариумите со ѕвонолик, односно конкавно профилиран реципиент (кат. 97-106), се варијанта на коничните унгвентариуни. Кај нив се јавува поголема или помала нагласеност на профилацијата на ѕидовите на телото. Станува збор за унгвентариуми кај кои што реципиентот е низок и најширок во долната третина. Телото преминува во долг цилиндричен врат со премин кој е повеќе или памалку потенцитан. Ободот е хоризнотално извлечен и подвиен кон внатрешната страна или косо нагоре извлечен со рамно пресечен раб, а дното е благо конкавно. Висина се движи од 7,6 см кај садот 97до 19 см кај сдаот кат. 103, додека пречникот на дното на садовите се движи од 2,8 см кај кат. 98 до 6,7 см кај кат. 103. Скупските примери потекнуваат од гробови со скеленти погребувања.

Стаклото е квалитетно, со светло сина боја, делумна проѕоиност и видливи балончиња од воздух и треги од процесот на изработка ка садот.

---

[108] G. De Tommaso 1990, 71.

[109] I. Mikulčić 1974,194; Idem. 75, 90-91, T.IX/37.

Овој тип на унгвентариуми би припаднал под формата 46 според типологијата на De Tommaso, иако кај нашите примери односот на телото и вратот е поголем од 1:3.

Унгвентариумите со овој тип се раширени низ цела Италија во пероидот на Флавиевците и Трајан, познати се и во Галија, Рајнските области, Белгија[110], Словенија, Емона[111], како и по Јадранскиот брег, Стариград (Аргирунтум), датирана на крајот на 1 и почетокот на 2 век,[112] Албанија, Дирахион, со датација од крајот на 1 до првата половина на 2 век,[113] Сремска Митровица (Сирмиум) со доцна датација на крајот на 3 век,[114] Црноморскиот брег, Томис, датиран во 2 век[115].

Нашите примери се датирани според хронолошки осетливите предмети кои потекнуваат од гробните целини во кои се најдени. Така гробот 137 од каде потекнува садот кат. 99 е со датација од Домицијан до Хадријан, а гробот 155, садовите кат. 100 и 101 во 2 век.[116] Унгвентариумите 97 и 98 потекнуваат од гробовите 1183 и 1157 кои се датираат во 1 до раниот 2 век.[117]

---

[110] G. De Tommaso 1990, 69.

[111] S. Petru 1972, T.CVI, sl. 20-24, 29-33.

[112] I. Fadić 1989, 37, kat.126; Idem. 2006, 81, 115, 126.

[113] F. Tartari 2005, 60-67, Форма 2, T.III, sl. 64-80, T.IV. 81-82; Idem. 2004,64, T.XLI, sl.118.

[114] M.A. Ružić 1994, 26, T. XVI, сл.9.

[115] M. Bucovala 1986, 102.

[116] I. Mikulčić 1974,194-195, T. IV, 401,402, T.V, 322.

[117] Датацијата е добиена поради тоа што во истиот гроб 1183 е приложен унгвентариум (кат. 85) кој е блиска аналогија на унгвентариумот (кат.84) приложен во гробот 1164, датиран со луцерна на чие дно има инскрипција LMVNSVC. Сигнатурата MVN укажува дека таа е изработена од фамилијата Мунатии кои работеле за време на 1 и раниот 2 век, со тоа целото погребување е датирано во тој период. Луцерна од истата работилница е приложена и во гробот 1001 од каде потекнуваат полусферичен унгвентариум (кат.1), аналоген на унгвентариумот (кат.2) приложен во гробот 1157.

Во основа, овој тип на унгвентариуми со звонолик реципиент се среќава во Скопскиот регион во втората половина 1 и низ целиот 2 век.

— ***Цевчести (тубуларни)***

Тубуларните унгвентариуми (кат. 108-148) се одликуваат со тесно тело, односно реципиент кој нема многу поголема ширина од вратот. Ободот кај овој тип садови е косо извлечен нагоре и заоблен на работ. Телото е со елипсовидна до благо конична форма, нашироко во долната третина. Дното е рамно или сосема благо вовлечено или пак кружно заоблено. Преодот од реципиентот во вратот е повеќе или помалку нагласен или пак воопшто не е означен така што со самото стеснување на горната страна, реципиентот пордолжува во врат.

Најраниот сад од овој тип доаѓа од Ventimiglia датиран во Јулиевско-Клаудиевската епоха. По средината на I век овие унгвентариуми стенуваат мошне бројни и често се наоѓаат на голем број локалитети.[118]

При третирањето на овој тип на унгвентариуми кај авторитетите се јавуваат извесни разлики во научниот пристап. Имено, дел од авторите ги обработуваат генералните карактеристики и садовите ги сместуваат во една група на т.н. тубуларни унгвентариуми, со општа датација[119]. За разлика од нив некои проучувачи ги истакнуваат деталите како посебна карактеристика што резултира со голем број на

[118] C. Isings 1957, 24.

[119] Ibid., 24. Не ги одвојува овој тип на унгвентариуми според ниедна од карактеристиките и сите ги става под еден тип, односно форма 8.

подваријанти. Кај нив доаѓа до издвојување на унгвентариумите според формата на реципиентот, според нагласеноста на преодот од реципиентот во вратот или според односот на должината на реципиентот и вратот.

Со истражувањата на Скупи се најдени 40 кои би припаѓале на групата на тубуларни унгвентариуми. Со оглед на биритуалноста на некрополата, тие се јавуваат во гробови кај кои се применети двата ритуала, односно и во гробови со кремирани и во такви со инхумирани покојници. Констатирани се примери со и без нагласен преод од реципиентот во вратот. Од оние кај кои преодот е повеќе или помалку нагласен се издвојуваат садови со реципиент подолг од вратот, со еднакво долги реципиент и врат или со реципиент пократок од вратот.

### *Со подолг реципиент во однос на вратот*

Унгвентариумите со поголем волумен на реципиентот во однос на вратот се распространети по целиот римски свет. Меѓу скупските примери во оваа група може со сигурност да бидат сместени најмалку два наода и тоа кат. 108 и 109[120]. Се каракретизираат со тело со благо конична форма, најшироко во долната третина. Од него, со делумна нагласеност продолжува цилиндричен врат. Ободот им е косо нагоре извлечен, а дното рамно до благо конкавно. Стаклото од кое се

[120] Дел од наодите се во фрагментирана состојба поради што не може да се утврди односот на реципиентот и вратот, а се сместени под типот на тубуларни унгвентариуми поради карактеристичната форма на реципиентот. Веројатно бројот на наоди во оваа група кје се зголемои по извршената конзервација на предметите.

изработени е транспарентно, генерално со добар квалитет, со релативно мал број на траги и балончиња со овздух останати при изработката на садовите. Бојата е светло сина, односно имаат природна обоеност. До сега не е констатиран пример на намерно обојување кај овие тубуларни унгвентариуми.

Овие унгвентариуми припаѓаат на групата/типот 67 кај De Tommaso, иако тие примери се со висина од 6-9 см, делумно помала висина од скупските, кои се со висина од нешто над 10 см. Сепак поради тоа што генералните карактеристики на формата им се поклопуваат и нашите примери би му ги припишале на овој тип. De Tommaso ги датира од времето на Тибериј до раната фаза на флавиевската епоха[121].

Исто така овие унгвентариуми се блиски со групата II.3k-3 одвоена кај З. Буљевиќ, која ги датира од нешто подоцна, односно до почетокот на вториот век.[122]

### *Со еднакво долги реципиент и врат*

Констатирани се 13 унгвентариуми со овие каракатеристики во регионот на Скупи (кат. 110-122). Телото им е со скоро цилиндрична до благо конична форма, најшироко во долната третина, а продолжува во цилиндричен врат, во однос со реципиентот - 1:1. Ободот е косо извлечен нагоре, а дното главно рамно или конвексно заоблено, што ги прави да биде невозможно поставување на садовите во вертикална

[121] G. De Tommaso 1990, 81.Скупските примероци се нешто повискоки од оние обработени од авторот

[122] Z. Buljević 1999, 70.

положба. Стаклото е со делумна транспарентност и просечен квалитет. Видливи се меури со воздух останати при процесот на дување и траги од алатките при изработката на садот. Бојата е природна, бледо сина, без намерно обојување кај ниту еден од примерите.

Припаѓаат на групата/типот 70 кај De Tommaso, датирани во времето на Тибериј и Трајан[123].

### *Со реципиент помал од вратот*

Формата на тубуларните унгвентариуми со текот на времето се развивала, па така тенденцијата на згоглемување на вратот и лимитирање на реципиентот се припишува на подоцнежната продукција.

Кај некои од скупските примери со помало тело во однос на вратот (кат. 123-129), намалувањето на реципиентот достигнува до однос 1:2 со вратот, односно изнесува околу една третина од вкупната висина на садот (кат. 127). Формата на телото е цилиндрична, кај некои примери сосема бладо конична, до биконична профилација, со најголена ширина во долната третина од реципиентот. Вратот е цилиндричен. Ободот е косо нагоре извлечен, како и кај останатите унгвентариуми од тубуларен тип. Дното е конвексно до рамно, што ги прави овие садови не особено стабилни. Стаклото е со релативна транспарентност и просечен квалитет. Се забележуваат остатоци од процесот на изработка како

[123] G. De Tommaso 1990, 83.

меурчиња со воздух или траги од алатките употребувани при дефинирање на формата на садот.

Овие унгвентариуми соодветствуваат на групата/типот 71-72 кај De Tommaso, датирани меѓу средината на 1 век и првата четвртина на 2 век[124]. Кај З. Бuljевиќ би требало да ги бараме во групата II.3k-5, датирани во истиот период.[125]

Тубуларните унгвентариуми имаат доста широка распространетост, особено по средината на 1 век н.е. кога стекнуваат голема популарност. Широко се распространети низ целиот Апенински полуостров од Флавиевците до првата половина на 2 век н.е.[126] На Балканот се наоѓаат во Емона, Дрново, Птуј, Требње во 2-3 век[127], Бакар, од средината на 1век до 3 век[128], Страиград 1 век н.е.[129], Теутобургиум, 1-2 век, Вогањ, Сирмиум 1-2 век[130], Албанија, 1-2 век, Дирахион датирани со монети од Тибериј и Антонин Пиј[131]; Црноморски брег, Томис, Романија, 1-2 век[132].

Според аналогните примери на тубуларни унгвентариуми, наодите од Скупи би биле датирани во постоечките хронолошки рамки, односно од 1 до 3 век. При тоа најрани се наодите со повисок реципиент во однос

[124] G. De Tommaso 1990, 58.84-85.
[125] Z. Buljević 1999, 75.
[126] Ibid. 81-85.
[127] I. Lazar 2003, 176-180, 195;
[128] Z. Gregl, I. Lazar 2008, 84-85, 127-133, T. 17, sl. 3-5.
[129] I. Fadić 1989, 37, 40, kat.119; Idem 2006, 77-80, 115, kat.119.
[130] V.Šarović Svetek 1986, 26-27, T. XIV, sl.2-7.
[131] F. Tartari 2005, 52-57, T. II-III, sl. 58-63; Idem. 2004,63- 64, T. XLI, sl. 101-102.
[132] M. Bucovala 1986, 125-126.

на вратот кат. 108 и 109, додека најдоцна, секако, се датирани наодите со повисок врат во однос на реципиентот (кат. 123-129) иамјќи ја предвид тенденцијата за зголемување на вратот во подоцнежната продукција. Тој манир е потврден кај унгвентариумите кат. 146, 147 (поради тоа што се фрагментирани не може прецизно да се заклучи соодносот меѓу вратот и реципиентот кај овие два наоди), кат. 123 и 124 кои потекнуваат од гробна целина во која е приложена луцерна со натхпис [C]IVNALEX, која ги попрецизно ги сместува во втората половина на 2 – првата четвртина на 3 век.[133]

— ***Сферични***

Под типот сферични унгвентариуми се вброени оние унгвентариуми кои се одликуваат со кружен, односно сферичен реципиент. Според решението на ободот од овој тип може да се издвојат две варијанти и тоа унгвентариуми со обод кој е извлечен косо нагоре, со рамно пресечен, скоро необработен раб кат. 149, 150 (сите се од кремација во обична јама или етажен) и такви помалку или повеќе хоризонтално извлечен обод, кој може да биде преклопен кон внатрешната страна кат. 151, 153 и 154. Преодот од телото во вратот е благ и ненагласен, вратот е цилиндричен, најширок во долниот дел, односно во коренот. Реципиентот завршува со зарамнето или пак со благо заоблено дно, што го прави садот не посебно стабилен. Висината изнесува од 6,3 до 8 см, а дијаметарот на дното од 2 до 5,7 см.

[133] J. Casas 1998, 66.

Унгвентариумите кат. 149 и 150 според формата се блиски до типот 6 според типологијата на Исингс[134] и групата/типот 12 според типологијата на De Tommaso, каде се вброени садови со висина од 5-10 см, изработени со слободно дување, од безбојно, зелено, зеленкасто сино, или сино стакло. Овие садови се раширени во северна Италија (Алба, Небиуно, Муралто, Минусио, Ангера, Павиа, Гропело, Кариоли, Кремона, Брешело, Брешиа, Мантова, Аквилеа, Алтино, Тревисо, Вигоровеа, Асте, Ровиго, Болоња). Италските примери се датирани меѓу Августовското и Клаудиевското доба. Кон овој тип е додадена и една варијанта, нешто подоцнежна, веројатно од времето на Нерон, со малку поовален реципиент и покомпактен изглед (Рим, градовите под Везув).[135]

Овој тип на унгвентариуми, покрај Италија, бројни се и во Тичино и западните провиниции.[136] Се среќаваат и на Балканот и тоа во Дрново, Каштелир, Миклавж (во близина на Марибор), Ново Место, Полхов Градец, Птуј, со датација во 1 и првата половина на 2 век;[137] Албанија, Бутринт и Дирахион од 1 и 2 век.[138]

Садот кат. 150 со компаративен метод, според аналогните примери на садови од тој тип би бил датиран од втората половина на 1 до првата половина на 2 век. За разлика од тоа, датацијата на кат. 149 е нешто подоцна, односно 3-4 век, поради тоа што тој потекнува од иста гробна

[134] C. Isings 1957, 22.
[135] G. De Tommaso 1990, 46.
[136] I. Lazar 2003, 197.
[137] Idem. 2003, 183-185, 189-191, сл.51, тип 8.6.13.
[138] F. Tartari 2005, 97-100, T.9, сл.158-163.

целина со чашата кат. 184 чија што појава не може да биде порана од 3 век, а е карактеристична за 4 век.

Садовите кат. 151, 153 и 154 се одвоени од претходните поради решението на ободот кој е хоризонтално извлечен или преклопен кон внатрешната страна. Блиски се до формата 13 според типологијата на De Tommaso, а се јавуваат нешто подоцна од погоре опишаните садови, односно на крајот на 1 и почетокот на 2 век. Следуваат како подоцнежна варијанта на унгвентариумите со сферично тело и косо извлечен обод.[139] Во понатамошниот развој на формата доаѓа до намалување на вратот. Оваа фаза на овој тип на садови се поврзува со формата 101 според типологијата на Исингс, која што варијанта од 3 век, особено за време на 4 век се произведувала во работилниците по Рајна.[140]

Аналогии се присутн и на Балканот, по Јадранскиот брег, Стариград (Аргирунтум) , датирани во 1 век[141], Доклеа, со датација на крај на 3 век.[142]

Унгвентариумот кат. 151 со нагласено сферичен реципиент се приближува до формата 8 според типологијата на De Tommaso, кај кого се овој тип се поврзува единствено со наоди од Помпеа и Херкуланум, при што 79 е terminus ante quem.[143]

Садовите од овој тип на Скупи според контекстот во кој се најдени може да се датираат во доцниот 2 и во текот на 3 век. Имено

---

[139] G. De Tommaso 1990, 47.

[140] C. Isings 1957, 119; G. De Tommaso 1990, 47.

[141] I. Fadić 1989, 36, 38, kat.104; Idem. 2006, 73, 114, kat.104.

[142] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975,170.

[143] G. De Tommaso 1990, 43.

унгвентариумот кат. 151 е датиран според луцерна која потекнува од истата целина на преминот од 2 во 3 век, додека кат. 153 е датиран во раниот 3 век, поради тоа што потекнува од гроб кој е положен над погребување датирано во втората половина на 2 век.[144]

### — *Со кружни вдлабнувања на реципиентот*

Унгвентариумите со сферичен реципиент и вдлабнувања на телото припаѓаат на типот 141 според типологијата на А. Антонарас.[145] Три сада од овој тип се најдени на Источната некропола на Скупи (кат. 155-157). Потекнуваат од гробови со скелетно погребување.

Станува збор за унгвентариуми со топчесто тело кое има 4 кружни вдлабнувања од страните. Поради тоа неговиот пресек добива блиску до кваднатна форма. Без воопшто нагласен преод, односно со постепено стеснување преминува во цилиндричен врат. Ободот е хоризонтално извлечен кон надвор, па преклопен од горната страна. Дното е конично вовлечено. Реципиентот е со помала висина од онаа на вратот. Изведени се во техника на слободно дување. Стаклото не е проѕирно и има природно обојување, односно светло сина нијанса. Видливи се голем број на вертикални траги од извлекувањето на стаклената смеса при изработката на садот, кои ја прават неговата површина нерамна.

Унгвентариумите со вдлабнувања на телото не се честа форма низ римскиот свет. Аналогии наоѓаме во Птуј со датација во 2-3 век,[146] Брест,

---

144 I. Mikulčić 1974,196.

145 A.Αντωνάρα□ 2009, 316-318.

146 I. Lazar 2003, 193-194, 197, сл. 51, тип.8.6.18.

датирани со монети на Константин I и Констанциј II, Сирмиум со датација во првата половина до средината на 4 век,[147] Аргируntум, 3-4 век[148], Црноморски брег, Романија (Томис) со порана датација во 2-3 век[149], Солун, датирани во 3-4 век.[150]

Од гробот 86, од Источната некропола на Скупи, од кој потекнува еден од садовите од овој тип, пронајдени во регионот на Скопје, кат. 155, потекнуваат и девет бронзени монети. Од нив три се читливи и атрибуирани на Констанциј I, Константин I и Константин II.[151] Тоа јасно ги сместува овие наоди во првата половина од 4 век.

Овој манир на изведување на вдлабнувања врз реципиентот на садовите е присутен и кај кат. 158, 159 и 160, три сада кои делумно се разликуваат од претходно опишаните унгвентариуми. Овие унгвентариуми се најдени како прилози во исто погребување, гроб 24 од Источната некропола на Скупи. Станува збор за погребување со кремација во плитка овална јама, покриена со двосливен кров од тегули.[152] Имено, се работи за еден унгвентариум кат. 158 кој има две кружни, конкавно изведени партии на две страни на реципиентот, една спроти друга, за разлика од претходно опишаните кои имаат по четири, со што реципиентот добива сосема различен изглед и еден мошне мал унгвентариум, со висина од 2,6 см и четири изведен вдлабнувања, кој се издвојува со своите минијатурни димензии.

[147] V.Šarović Svetek 1986, 29-30, 65, кат. 119, T.13 сл.1; M.A. Ružić 1994, 33, кат.456-457, T.22, сл.3-4.
[148] I. Fadić 1989, 32-33, форма 14, кат. 85-86; Idem. 2006, 63, форма 14, кат. 85-86.
[149] M. Bucovala 1986, 95-96.
[150] A.Αντωνάρα□ 2009, 316-318.

[151] I. Mikulčić 1974, 196.
[152] Idem. 1974, 193.

Унгвентариумот кат. 158 има топчест реципиент, кој поради вдлабнатите партии добива елипсоиден пресек. Вратот е цилиндричен и од реципиентот е одвоен без воопшто нагласен преод, а завршува со обод кој е хоризонтално извлечен, па потоа преклопен кон внатрешната страна. Дното е едвај назначено и не е возможно садот да биде поставен во вертикална позиција. Стаклото е со природна, бледо сина нијанса.

Минијатурниот унгвентариум кат. 159 е изведен од безбојно до бело стакло, со силна бела иридација. Реципиентот е моделиран во форма на коцка, вратот е цилиндричен, а ободот е незначително извлечен кон надвор со раб преклопен кон внатрешната страна.

Најблиска паралела за овие садчиња претставува еден минијатурен стаклен сад од Сирмиум.[153] Имено се работи за шишенце кое е со две вдлабнувања од страните, со што добива плоснат пресек како и унгвентариумот 158 до чија форма е близок и согласно изведбата на ободот и дното, додека сопред неговите минијатурни димензии (висина од 2 см) се приближува до садот 159.

Во гробот 24, од кој потекнуваат двата наода, се најдени и луцерна датирана во 1 век, како и монета од Клаудиј I.[154] Според овие наоди, а имајќи ги предвид општите податоци за развојот на Скупи како град, а со тоа и животот во него, овие наоди би добиле датација во втората половина на 1 век.

---

[153] V.Šarović Svetek 1986, 30, 65, тип 15, Т.13, сл.5.

[154] I. Mikulčić 1974, 193.

Според Микулчиќ, нивното потекло би требало да им се припише на источните работилници, од каде овие тоалетни садчиња биле импотрирани.[155]

— ***Фиола***

Од гробот 112 од источната некропола на Скупи потекнува една фиола кат. 161. Изработена е од безбојно до бледо зеленкасто стакло. Станува збор за сад со издолжена, цевчеста форма кој има вретенасто проширување на средината на реципиентот. Ободот е извлечен кон надворешната страна, а дното е обло. Садот во ниеден случај не може да се постави во вертикална позиција.

Наодите од овој тип се најчесто се датирани во 4 век. Тоа се потврдува и кај останатите примери од Р. Македонија: Добри Дол во скопскиот регион[156], Зајас, Кичево[157], Таранеш, Дебар[158].

Аналогии наоѓаме и како ретки примери во Северна Италија, Аквилеа, Модена, Рим во 3-4 век[159], Дукља (Доклеа) од 4 век[160], Ниш (Наисус) - 4 век[161], Сремска Митровица (Сирмиум) во 3-4 век[162], Караташ (Диана) со релативно доцна датација, во втората половина на 4 и почетокот на 5 врк,

---

[155] Ibid, 197.

[156] Д. Вучковић-Тодоровић 1958, 296-297.

[157] В. Битракова 1966, 96.

[158] M. Ivanovski 1987, 87.

[159] G. De Tommaso 1990, 76.

[160] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 169-170, тип V/4A.

[161] С. Дрча 1999-2000, 214,, кат. 21-24.

[162] V.Šarović Svetek 1986, 29, кат. 116-118, T.XII/6.

Мала Копашница во 4 век;[163] Албанија, Дирахион со најрана датација на Балканот во 2 век;[164] на Црноморскиот брег, Томис, датирани во 4 век[165].

Нашиот наод потекнува од гробот 112, во кој меѓудругото била приложена и монета (Urbs Roma), со што целото погребување се датира во втората половина на 4 век.[166] Според тоа, фиолата од Скупи е сместена во очекуваните хронолошки рамки на овој тип на стаклени садови.

## Е. Козметички садови

— ***Арибалоси***

Овие мали садови (форма 61 според Исингс) често се нарекувани според грчкиот назив arryballos, додека латинскиот назив за истите е ampulla.[167] Станува збор за садови со топчесто тело и ненагласено дно, Вратот е најчесто краток и постепено се одвојува од реципиентот, иако постојат и наоди со подоглг врат. Ободот е најчесто извлечен кон надвор и хоризонтално преклопен кон внатрешната страна или кон надвор извлечен косо надолу, па превиткан кон горната страна така што се добива триаголен пресек. Најчесто имаат две рачки, иако се познати и примери со три или четири рачки. Истите се накнадно прилепени на вратот, непосредно под ободот, до рамото на садот, Кај некои примери, рачките не го завземаат целиот простор меѓу рамото и ободот, туку почнуваат некаде од средината на вратот. [168]

[163] M.A. Ružić 1994, 32, T.XXI/8-11, T.XXII/1-2.
[164] F. Tartari 2004, 64, T.XL/95.
[165] M. Bucovala 1986, 127-130.
[166] I. Mikulčić 1974, 196, 210.
[167] I. Lazar 2003, 172
[168] C. Isings 1957, 79

Арибалосите се едни од најчестите тоалетни шишенца, кои во стакло се јавуваат како имитација на бронзени или керамички примери[169]. Содржеле масла или ароматични супстанции и биле наменети за употреба во бањите. Посетителите ги носеле прицврстени за појасот, закачени на бронзени рачки или синџир. Често се јавуваат во целина со стригил или други предмети за тоалета.[170]

Познати се примери од полихромно стакло кои потекнуваат од 6-4 век п.н.е. изработени во техниката на изработка на садови врз јадро[171], додека садови од овој тип произведени со техника на дување не се појавуваат пред втората половина на 1 век.[172] Во време на Флавиевците доживуваат популарност, остануваат во употреба за време на 2 и 3 век, а мошне ретко се среќаваат за време на 4 век[173].

На источната некропола на Скупи се најдени два сада кои припаѓаат на овој тип кат. 162 и 163. Кај нив се забележуваат разлики во формата. Имено садот кат. 162 има топчесто тело и обод кој е хоризонтално извлечен. Вратот му е нешто поиздолжен, односно рачките не го исполнуваат целиот простор меѓу рамото и ободот, туку со горниот дел се прилепени од средината на вратот.[174] За разлика од него, арибалосот кат. 163 има нагласено точест реципиент со широк обод, извлечен надолу, па преклопен кон горната страна, со што формира правоаголен пресек. Вратот ненагласено преоѓа од телото и е сосема краток, односно рачките го исполнуваат целиот простор помеѓу ободот и рамото на садот.

---

[169] Ibid. 78.
[170] G. De Tommaso 1990, 45.
[171] Техниката е опишана на стр. 20.
[172] I. Lazar 2003, 172.
[173] C. Isings 1957, 79-80.
[174] I. Mikulčić 1974,194; Idem, 1975, 90-91, T.VIII/29.

Арибалосите се широко распространети низ римскиот свет. Во Италија е застапена само варијантата со триголен пресек на ободот и тоа низ целиот Апенински полуостров (во Комо, Бреша, Мантова, Мотефиана, Аквилеа, Болоња и тн).[175] Во северните провинции се користат од времето на Нерон.[176] На Балканот се среќаваат во Птуј од 1 до 3 век[177], Аргирунтум од средина на 1 до 3 век[178], Сирмиум со 2-3 век[179], Каратаги (Диана) 2-3 век, Равна (Тимакум Минус) во средината на 3 век, Грачаница (Улпиана) со датација во втората половина на 3 век, Белград (Сингидунум) во 3 век[180], на Црноморското приморје, Романија (Томис) се застапени од 1 до 3 век[181], на Источен Медитеран со датација од втората половина на 1 до ран 2 век[182].

Гробот 137 од Источната некрополан на Скупи од кој потекнува арибалосот кат. 162 според И.Микулчиќ би требало да биде датиран од Домицијан до почетокот на владеењето на Хадријан. Оваа датација е добиена со компаративен метод на датирање на хронолошки осетливите предмети од гробната целина. За овој наод Микулчиќ директна аналогија наоѓа во Дура Еуропос (со датација добиена со монети на Трајан). Според него потеклото на овие садови би требало ода се бара на Источниот Медитеран.[183]

[175] G. De Tommaso 1990, 45.
[176] C. Isings 1957, 79
[177] I. Lazar 2003, 171-172, сл. 49, тип 8.3.2. и 8.3.3.
[178] I. Fadić 1989, 36 и 38, форма 26, кат. 101; Idem. 2006, 71, форма 26, кат. 101.
[179] V.Šarović Svetek 1986, 26, T. 12, сл. 2-3. Авторката дава оквирна датација од 1 до 4 век; M.A. Ružić 1994, 21.
[180] M.A. Ružić 1994, 21, T.13, сл. 7-11.
[181] M. Bucovala 1986, 81-83.
[182] N. Kunina 1997, 300-301, сл.228.
[183] I. Mikulčić 1974,194-195, 197; Idem, 1975, 90-91, T.VIII/29.

### — *Амфориск*

Од истиот гроб 137 од кој потекнува и арибалосот кат. 162 е најден и еден амфориск кат. 164 сосема близок до неговата форма, изработка и квалитет на стаклото. Амфорискот е со нежна изработка од безбојно до бледо сино стакло со сјајна површина. Ободот му е хоризонтално извлечен и остро продолжува во цилиндричен врат. Без нагласен преод тој поминува во сферичен до благо елипсовиден реципиент, кој завршува со прилепена прстенеста нога. Од средината на вратот до рамото на садот се накнадно додадени две рачки (едната недостасува). Рачките биле меѓусебно поврзани со синџирче од стаклена нитка, составено од седум меѓусебно поврзани алки.[184]

Може логично да се претпостави (иако не е најдена директна аналогија за овој сад) дека синџирчето служело за прицврстување на садот за појасот, исто како и кај арибалосите. Неговото датирање е добиено со датирањето на целата гробна целина, од Домицијан до почетокот на владеењето на Хадријан, а потеклото поврзано со Источниот Медитеран како и на арибалосот кат. 162.[185]

[184] Ibid. 194. Една од алките недостасува, поради што не може да се види нивната изворна поставеност, па податокот на Микулчиќ дека со синџирчето биле поврзани рачките е единствената слика која може да се добие за изгледот на амфорискот.

[185] I. Mikulčić 1974,194.

## F. Шишиња

**— *Со сферичен реципиент***

Шишенцата од овој тип се одликуваат со нагласено сферичен реципиент кој завршува со мало и благо конкавно дно. Имаат пократок или подолг врат, кој е стеснет во долниот дел, односно при преодот во телото. Може да има цилиндрична форма или благо да се стеснува кон горниот дел. Ободот е ненагласен, вертикален, со рамно пресечен раб, кој понекогаш е израмнет со полирање. Изработувани се со техника на слободно дување. Направени се од природно обоено или безбојно, односно деколоризирано стакло. Кај полуксузните примери ѕидовите можат да бидат декорирани со врежани хоризонтални линии, геометриски декорации или фигурални мотиви, а кај некои примери можат да се сретнат и различни натписи.[186]

На Скупи се најдени пет сада од овој тип (кат. 166-170). Стаклото кај нив е безбојно, со бела нијанса, делумно проѕирно, со видливи балончиња со воздух останати при дувањето на садот. Досега не е забележан пример со врежана декорација. Кај сите примери вратот е со цилиндрична форма, само во еден случај кат. 168 истиот благо се стеснува кон ободот. Се среќаваат и во гробови со кремирани, како и во такви со инхумирани покојници. Висината се движи околу 10 см.

Шишенцата од овој тип припаѓаат на формата 103 според типологијата на Исингс[187] или типот 145 според типологијата на А. Антонарас.[188] Повисоките

[186] I. Lazar 2003, 146, sl. 42.
[187] C. Isings 1957, 121-122.
[188] A.Αντωνάρα□ 2009, 322-323.

примери со скоро идентична форма Антонарас ги сместува во посебен тип, односно тип 50.[189]

Овој тип на стаклени садови се широко раширени и карактеристични за доцно римскиот период. Најрано датираниот сад, во 3 век, потекнува од Келн[190], а примери се среќаваат и во Аквилеа, со релативно рано датирање во 3 век[191], како и на брегот на Црно Море, Керх (Пантикапаион) втора половина на 3 век[192], Стазбур, крај на 3 или 4 век, Модена 3-4 век[193], Целје, Птуј датирани во периодот од втората половина на 3 до првата половина на 4 век[194], Бакар 3-4 век[195], Доклеа[196], еден пример од Ниш (Наисус) датиран на крајот од 3 и 4 век[197], Костол (Понтес), средина на 4 век, Грачаница (Улпиана) средина на 4 век, Сремска Митровица (Сирмиум), со датирање во вотората половина на 4 век[198], Моровиќ средина и втората половина на 4 век[199], Албнија, Аполонија, 3-4 век[200], Солун 3-4 век[201].

Според аналогните примери на наоди од овој тип и примерите од Скупи би влегле во истите хронолошки рамки, односно би се датирале во 3-4 век.

---

189 Ibid., 190-192.
190 C. Isings 1957, 121-122.
191 M.C. Calvi 1969, T.22, sl.6.
192 N. Kunina 1997, 298-299, sl. 225.
193 C. Isings 1957, 43
194 I. Lazar 2003, 144-145.
195 Gregl, I. Lazar 2008, 75, 121, T.12, сл. 1-3.
196 А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 154, тип I/2C, сл. 12, нема датирање.
197 С. Дрча 1999-2000, 212, кат.11, T.II, сл.11.
198 M.A. Ružić 1994, 15, 83, тип I/4c, T. XVI, sl. 3.
199 V.Šarović Svetek 1986, 24, 68, kat. 180, T.XVI, sl.4, T.XIX, sl.2.
200 F. Tartari 2005, 110-114, T. 11, sl. 192, 195, 196, 198-200, T. 12, sl. 202, 204, 206, 209, 211, 212.
201 Α.Αντωνάρα□ 2009, 322-232.

— *Со коничен реципиент*

Во групата на шишиња со коничен реципиент припаѓаат садовите кои се одликуваат со висок цилиндричен врат и реципиент со конична до калотеста форма најширок во долната третина (кат. 171-178). Завршува со дно длабоко вовлечено навнатре. Преку благо стеснување, повеќе или помалку нагласено, телото продолжува во цилиндричен врат, со обод кој е хоризонтално извлечен, со заоблен раб или пак извлечен косо нагоре, со рамен раб.

Сите садови од овој тип потекнуваат од гробови со инхумирани покојници.

Од коничните унгвентариуми се одвоени како посебен тип поради разликата во висината, која кај садовите кои припаѓаат на оваа група, односно шишињата е далеку поголема. Кај примерите од Скупи таа се движи од 17 – 25 см. Односот на вратот и реципиентот е приближно 1:1, односно скоро кај сите целосно сочувани примери вратот е незначително повисок во однос на реципиентот. Исклучок претставува садот 178 кај кој реципиентот е доминантен, односно неговата висина е поголема споредено со висината на вратот.

Квалитетот на стаклото е различен. Садот кат. 172 се одликува со квалитетна изработка, сосема проѕино стакло со зеленкаста нијанса, скоро воопшто без присуство на балончиња останати при дувањето на садот или било какви траги од алатките за изработка. Површината е мазна и сјајна. Кај останатите примери изработката е со просечен квалитет. Стаклото делумно проѕирно, од безбојно, бело-жолтеникаво до благо обоено со природни сино-зелени нијанси.

Аналогни на овие садови наоѓаме во наодите од Солун, кои припаѓаат на типот 48 според типологијата на А. Антонарас. Солунските примери се датирани во доцниот 1 до раниот 3 век.[202] Поради одсуството на аналогни наоди на поширок простор, освен оние од Солун, за овие садови би можела да се претпостави локална провиниенција. Нашите наоди се сместуваат во нешто пошироки хронолошки рамки поради тоа што шишето кат. 170 припаѓа на гробна целина од која потекнува монета од Хадријан, додека садовите кат. 171 и 172 потекнуваат од гробна целина каде како прилог се јавува шише со сферичен реципиент датирано во 3-4 век. Според тоа примерите на шишиња со коничен реципиент од Скупи се датираат широко од 1 до 4 век.

Кон оваа група на шишиња можат да се приклучат и кат. 179-181. Тие се разликуваат од претходно опишаните во тоа што имаат конично-калотест реципиент. Висината кај овие садови исто така се разликува во однос на оние со изразено коничен реципиент. Повторно односот на вратот и реципиентот изнесува 1:1.

Станува збор за помали садови, со висина од 16,5 см кај двата целосно сочувани примери. Стаклото е безбојно до бледо сино кај кат. 180, со видливи балончиња од воздух останати при процесот на изработка на садовите, како и вертикални линии добиени при извлекувањето на стаклената смеса.

Како варијанта на овие садови може да се додаде и кат. 182 кој во основа ги има истите карактеристики, со таа разлика што се одликува со многу

---

[202] Α.Αντωνάρα□ 2009, тип.48, 187-188; Γυάλινο□ Κόσμο□ 2010, кат.196-197, 270-271.

понагласено рамо од претходните примери. Изработен е од проѕирно стакло, со природна, бледо зеленкаста нијанса. Разлика во однос на претходно опишаните примери на шишиња со коничен реципиент или калотест е и тоа што потекнува од погребување со кремиран покојник, за разлика од сите останати кои се најдени во гробови со инхумирани покојници.

Во литературата овој тип на реципиенти се опишуваат како садови во форма на ѕвонче. Припаѓаат на типот 47 според типологијата на А. Антонарас.[203]

Аналогии се присутни кај наодите од Аквилеа, датирани на крајот од 2 и во текот на 3 век[204]; на Балканот се присутни со еден пример од Птуј со датација во 2-3 век[205]; доста чести наоди во Хрватска: Стариград (Аргирунтум) во втората половина на 2 и во текот на 3 век[206], Задар (Јадер) 2-3 век[207]; еден пример од Србија, Коловрат, со релативно доцна датација од 3-4 век[208], Грција, Солун дотирани во доцен 2-3 век[209], Ставрос, од 2 до прва половина на 3 век, Акантос, со датација на крај на 2 и почеток на 3 век[210].

Според датирањето на аналогните примери и наодот од Скупската некропола би бил датиран во доцен 2 и во текот на 3 век.

---

203 A.Αντωνάρα□ 2009, тип.47, 185-187.
204 G. De Tommaso 1990, 73. Авторот претпоставува источна провиниенција.
205 I. Lazar 2003, тип. 8.6.17., 193-194, 197.
206 I. Fadić 2006, 29-31, кат. 1-6.
207 S. Gluščević 2000, 188.
208 M.A. Ružić 1994, 31, T. XIX sl.5.
209 Γυάλινο□ Κόσμο□ 2010, кат.240, 287; A.Αντωνάρα□ 2009, тип.47, 185-187.
210 Γυάλινο□ Κόσμο□ 2010, кат.359, кат.361,кат. 440, 343-344, 379.

— ***Реципиент со кружни вдлабнувања***

На Источната некропола на Скупи е најдено шише со реципиент со кружни вдлабнувања кат. 183. Потекнува од гробот 140, каде што е изведено погребување со кремација во правоаголна јама со двосливен покрив од тегули поставени на дното. Шишето е изработено во техника на дување, од безбојно до бело стакло, со жолтеникава иридација, тенки ѕидови и нежна изработка. Се карактеризира со доминантно елипсоидно до биконично тело. Од него продолжува релативно краток, цилиндричен до благо коничен врат, кој полека се шири во горниот дел, на кој е изведен орнамент во вид на прстен од стаклена нитка. Ободот е вертикален и ненагласен. Дното е благо конкавно со накнадно прилепена прстенеста нога.[211]

Директни аналогии на овој наод на територијата на римската империја не се познати. Микулчиќ го сврстува под формата 103 според типологијата на Исингс[212], но поради големиот број на разлики во формата, сметам дека овој сад треба да биде издвоен како посебен тип.

Според луцерна која потекнува од истата гробна целина како и ова шише, И. Микулчиќ наодот го датира на крајот на 2 век.[213] Неговото потекло, според формата и квалитетот на стаклото го поврзува со италските работилници.[214]

---

[211] I. Mikulčić 1974,195-6, T.4, сл.334.

[212] I. Mikulčić 1974,195-196; C. Isings 1957, 121-122. Под формата 103 според типологијата на Исингс се сместени шишенцата со сферичен реципиент.

[213] I. Mikulčić 1974,196.

[214] Ibid. 198.

## G. Реципиенти за пиење

### — *Чаши*

На Источната некропола на Скупи се откриени стаклени чаши со полусферичен реципиент, со или без прстенеста нога.

Полусферичните чаши без прстенеста нога, се варијанта на типот 12 според типологијата на А. Антонарас и формата 96 според типологијата на Исингс. Се одликуваат со полусферично тело, благо извлечен обод косо кон надвор, со често необработен раб (кај нашиот пример работ е благо задебелен) и мало рамно до благо конкавно дно. Покрај едноставните, не декорирани чаши, постојат и такви со врежана геометриска декорација. Овие чаши биле изработувани во техника на дување на стаклената маса.

Во Скопскиот регион за сега е откриена една чаша која би можеле да ја припишеме на овој тип на садови кат. 184. Генералните карактеристики соодветствуваат, односно ободот е благо задебелен на работ и благо извлечен кон надворечната страна. Без нагласување продолжува во топчест реципиент кој заврчува со благо конкавно дно. Стаклото е со голема транпарентност и сјајна површина. Бојата е природна, односно има бледо зеленкаста нијаса. Видливи се сосема малку балончиња со воздух останати при процесот на дување на стаклото.

Полусферичните чаши без декорација се јавуваат во 3 век, нивното постоење е карактеристично за 4 век. Најрано датираниот пример потекнува од Келн, со датација во втората половина на 3 век. Додека најдоцна датираниот во првата половина на 5 век потекнува од Спонтин, Белгија.[215] На

[215] C. Isings 1957, 113-114. Дава листа на датирани наоди, особено од западните провинции.

Балканот се откриени во Птуј со датација во 3-4 век[216], Хртковци, Чотрановци, со широка датација од втората половина на 3 до првата половина на 5 век[217], Караташ (Диана), 4 век, Костол (Понтес) крај на 4 и почеток на 5 век, Белград (Сингидунум) датирани во втората половина на 4 и почеток на 5 век, Гамзиград (Ромулиана) втора половина на 4 век, Равна (Тимакум Минус) втора половина на 4 век, Чачак и Грачаница (Улпиана) исто така во втората половина на 4 век[218], Дукља (Доклеа) втора половина на 3 и 4 век[219], Албанија, датирани во 3-4 век[220], Солун[221]

Според хронолошките рамнки во кои се сместени аналогните примери на оваа чаша, таа би била датирана во 3-4 век.

На Источната некропола на Скупи се најдени и три чаши ( кат. 185-187) кои припаѓаат на формата 44а според типологијата на Исингс.[222] Станува збор за садови со полусферично тело и ниска прстенест нога. Ободот е со задебелен раб, извлечен благо кон надвор. Биле употребувани како садови за пиење и користени во склоп на трпезни сетови.[223] Овие садови биле изработувани и со методот на калапење (форма 20 според типологијата на Исингс), но поголема популарност имала варијантата изработена со дување.[224]

[216] I. Lazar 2003, 82-84, сл. 30, тип 2.6.1.
[217] V.Šarović Svetek 1986, 12-13, T.2, сл.1-2, кат.16-18.
[218] M.A. Ružić 1994, 39, T. 27, сл.1-8.
[219] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 159, сл.16. Сите наоди од овој тип од Доклеа се со врежана декорација, по што се разликуваат од нашите примери.
[220] F. Tartari 2005, 143-144, форма 40, T.17, сл.254-258.
[221] Α.Αντωνάρα□ 2009, 117.
[222] C. Isings 1957, 59.
[223] I. Lazar 2003,105.
[224] Ibid. 37.

Повеќето чаши од овој тип се изработени од сино-зелено, природно обоено стакло, додека познати се и примери од обоено или напроѕирно стакло. Нашите наоди се со мошне тенки ѕидови, направени од зеленкасто стакло, со сјајна површина и видливи траги од изработката.

Овој тип на садови според Исингс потекнува од средината на 1 век, а бил мошне популарен во времето на Флавиевците. Бројни наоди потекнуваат од Помпеа и Херкуланум, пред 79 година, Локарно од крајот на 1 век[225], Птуј од 2-3 век, Шемпетер од 2 век, Логатец, Вранско датирани во втората половина на 2 век[226], Белград (Сингидунум) од 2-3 век, Равна (Тимакум Минус) 2-3 век, Грачаница (Улпиана) со датација на крај на 3 век, Коловрат во 3 век[227], Дукља (Доклеа), датирани во 2-3 век[228], Кузмин, Сремска Митровица, со широка датација од 2 до 4 век, [229] на Црноморското крајбрежје (Томис) датирана во 2 век.[230]

Чашата кат.187 потекнува од гроб 102 од Источната некропола на Скупи[231]. Станува збор за погребување со кремиран покојник. Во гробот, меѓу другите наоди е најдена монета од Калигула, според што Микулчиќ овие садови ги датира од првата половина до средината на 1 век.[232] Но со оглед на тоа што, според аналогните примери, овие садови се јавуваат во

---

[225] Ibid. 60.

[226] I. Lazar 2003,102-105, сл. 33, тип 3.6.1. Авторката овој тип на чаши го поврзува со формата 85а според Исингс.

[227] M.A. Ružić1994, 43, Т. 30. Сл. 4-10. Авторката овој тип на чаши го поврзува со формата 41а според Исингс.

[228] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 159, сл.18. Авторите овој тип на чаши го поврзува со формата 81 според Исингс.

[229] V.Šarović Svetek 1986, 14, Т.2, сл.9, кат.31.

[230] M. Bucovala 1986, 40, сл.33.

[231] Според Микулчиќ, чашата од гробот 14 со Инв. Бр. 26 е идентична со онаа со инв. Бр. 202. Наодите се во мошне фрагментирана состојба и не се конзервирани поради што не може да се добијат други податоци за нивната форма освен податоците кои ги дава Микулчиќ.

[232] I. Mikulčić 1974,194.

средината на 1 век, можеме на нашите наоди да им ставиме датација најрано по средината на 1 век, односно неговата втора половина, со претпоставка дека монетата била чувана и подоцна приложена во гробот.

### — *Пехари*

Од Скупската источна некропола потекнуваат два пехари кат. 188, 189 кои според типологијата на Исингс би биле сместени под формата 32[233]. Двата наоди потекнуваат од гробови со кремирани покојници, од типот на т.н. етажни гробови.

Станува збор за пехари со релативно цилиндричен реципиент кој од четири страни е со длабоки, елипсоидни вдлабнувања. Ободот е ѕвонесто, косо нагоре извлечен, со помалку или повеќе задебелен раб. Дното е рамно до благо конкавно. Стаклото е делумно проѕирно, со природно обојување, бледо сино до жолто зеленкаста нијанса.

Овој тип на пехари (Faltenbecher) се јавуваат уште во доцниот 1 век[234]. Вакви наоди се присутни во Доклеа, датирани во доцниот 1 век[235], Локарно, доцен 1, ран 2 век, Помпеа со рана датација пред 79 година, Аматус, во времето на Антонините, Каранис со датација од 2 до 4 век[236], Крањ (Бобовек), Церкница, Птуј, датирани во 2 век[237], Бакар, од втората половина на 1 до почетокот на 3 век[238] Аргируντум, во 1 и почетокот на 2 век[239], на

[233] C. Isings 1957, 46.
[234] I. Mikulčić 1974, 197, T.II, 269, T.3, T.7, 285.
[235] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 161. Наодите потекнуваат од гробни целини, прецизно датирани со монети на Домицијан.
[236] C. Isings 1957, 46.
[237] I. Lazar 2003, 99-100, сл.32, тип.3.5.5.
[238] Gregl, I. Lazar 2008, 60, 111-112, T.6, сл. 1-2. Наодите се со помала висина и поголем дијаметар на ободот. Кај еден од примерите има 6 вдлабнувања со помала ширина од оние на пехарите од Скупи.

Црноморскиот брег, Томис, во 2 и 3 век[240], Источен Медитеран (Кипар?) датиран во втората половина на 1 век[241].

Аналогија за пехарот 189 од гробот 168, односно за начинот на решавање на ободот, вратот и реципиентот наоѓаме кај Д. Вајтхаус, со таа разлика што нашиот наод завршува со конкавно дно, додека другиот (не е наведено неговото потекло) завршува со ниска прстенеста нога[242]. Датиран е релативно доцна во 3-4 век.

Пехарите од источната некропола на Скупи се прецизно датирани со наоди на монети на Домицијан во двата гроба.

## Н. Бокали

На Источната некропола на Скупи, во гробот 168 со кремиран покојник, од типот етажни горбови се откриени два стаклени бокали (кат. 190, 191). Имаат топчесто до елипсоидно тело со конкавно дно. Вратот е краток, цилиндричен со благо постепено стеснување кон ободот, кој е хоризонтално извлечен со задебелен раб. Од вратот, непосредно под ободот, кон рамото имаат лентеста рачка, прилепена за рамото со широк корен, а во горниот дел е свиткана во украсна петла, која го надвишува ободот.[243]

Стаклото е делумно прозирно со бледо сино-зеленкаста нијанса, со сјајна површина. Видливи се голем број на балончиња со воздух (поради кои садот

[239] I. Fadić 1989, 34-35, kat.94; Idem. 2006, 67, kat.94. Кај наодот се присутни пет, значително поплитки вдлабнувања во однос на пехарите од Скупи.
[240] M. Bucovala 1986, 46.
[241] N. Kunina 1997, 315-316, sl. 308. Пехарот е со помала висина од Скупските и се разликупа по тоа што на средината на реципиентот е декориран со пластично изведена нитка од истото стакло од кое што е изработен.
[242] D.Whitehouse 1997, 113, kat.173.
[243] Idem. 1974, 194, 198, T.3.

губи дел од проѕирноста) како и траги од алатките за оформување на садот при процесот на изработка.

Овој тип на бокали претставува варијанта на формата 14 според типологгијата на Isings. Најраниот сад од овој тип потекнува од Локарно (Leocarnum) датиран во Тибериевско-Калудиевскиот период. Останатите примери се од средината на 1 век, па се до најдоцна датираните наоди кои потекнуваат од Триер определени во 3-4 век.[244] Аналогии наоѓаме и во Албанија, односно Аполонија, датирани во 1-2 век[245]; до Црноморскиот брег, Керх (Panticapaeum), со датација во втората половина на 2 век[246] и Бодрум, датирани во 1-2 век.[247]

Кога станува збор за потеклото на овие садови, според Микулчиќ тие би требало да бидат атрибуирани на западните работилници.[248]

Целиот гробен наод е прецизно датиран со монета на Домицијан[249], со што датацијата во втората половина на 1 век во основа се поклопува со датацијата на најголемиот број на наоди аналогни на нашите бокали.

Од источната некропола на Скупи потекнува и еден фантастичен наод на бокал со мали димензии од стакло со интензивна зелено-тиркизна нијанса и делумна поѕирност (кат. 204). Станува збор за бокал со тесен елипсоидно-биконичен реципиент. Ободот е благо косо нагоре извлечен и задебелен, при што истиот добива полукружен пресек. Вратот е цилиндричен и постепено се шири кон телото во кое преминува благо, без воопшто дефиниран преод.

[244] C. Isings 1957, 31-32, форма 14.
[245] F. Tartari 2005, 127, T.14, сл. 224, форма 26.
[246] N. Kunina 1997, 305, sl. 258. Овој пример е со реципиент со поцилиндрична форма во однос на нашите кои се со топчест реципиент.
[247] A.□zet 1998, 55.
[248] I. Mikulčić, 1974, 194, 198.
[249] Ibid. 1974, 194.

Дното е благо конкавно. Непосредно под ободот, на вратот како и на работ од дното е накнадно аплицирана нитка од бело, непроѕирно стакло. Од истиот материјал била изведена и рачка (во моментов недостасува) која продолжувала од нитката под ободот, а завршувала на рамото од садот.

Станува збор за производ на западните работилници актуелен во периодот од 3-4 век. Директни аналогии на нашиот сад наоѓаме кај примери од Триер и Келн.[250]

## I. Гутуси

Со ископувањата на Источната некропола на Скупи се откриени 4 гутуси (кат. 192-195). Нивната намена во науката не е сосема јасна. Претпоставките се дека можеби биле употребувани за хранење на деца, покрај поради нивната форма, се базираат и врз честата застапеност во детски погребувања. Друга претпоставка е дека служеле во козметички или фармацевтски цели за прецизно дозирање на течност, а постои и мислење дека биле користени и за полнење на луцерните[251]. Можеби се работи за овој тип на садови кај Соран од Ефес (лекар од крајот на 1 и почетокот на 2 век), кој пишува дека децата се хранат од перфорирани стаклени садови кои личат на дојка[252]. Во прилог на ова одат и хемиските анализи на нивната содржина, односно кај дел од гутусите од Келн, констатирани се состојки кои се содржани во млекото.[253]Сепак оваа претпоставка би требало да се земе со резерва поради самата природа на стаклото како материјал, како и поради

[250] C. Isings 1957, 149-150, форма 120a; D. Whitehouse 2001, 117, kat. 715; A.von Saldern, B.Nolte, P. La Baume, T.E.Haevernick 1974, 227-228, kat 667, 667a.
[251] B. Štefanac 2009, 114.
[252] Цириран од D. Whitehouse, vol. 3, 2003, 150.
[253] B. Štefanac 2009, 115.

сосема малиот отвор на изливникот, кој за таа фукнција го прави сосема напрактичен.

Гутусите во основа се реципиенти во форма на тело на птица изведено со поголема или помала стилизираност. Примарната поделба е на садови со или без рачка, а потоа би биле класифицирани според изгледот на реципиентот или поставеноста на изливникот. До сега на Скупи не е најден пример на гутус со рачка. Скупските примери имаат топчест реципиент. Изливникот им е извлечен од долната страна, при дното на садот (кат.192) или од средината на реципиентот (кат. 193-194) без воопшто нагласен преод и завршува со постепено стеснување и рамен раб. Вратот е цилиндричен, а ободот задебелен или преклопен. Дното е рамно до благо конкавно. Висината кај овие садови се движи околу 7 см.

Изработувани се во техника на слободно дување. Стаклото е со делумна проѕирност и има природна нијанса, односно присутна е светло сината боја. Видливи се балончиња со воздух останати при дувањето на стаклената смеса во процесот на изработка на садот.

Гутусите се застапени и на Истокот и во западните делови на римското царство[254]. Нашите садови ги сместуваме во типот 53а, според типологијата на А. Антонарас.[255]. Покрај тоа, аналогии за Скупските примери наоѓаме на Источен Медитеран, со датација во 1 век[256], Аквилеа, датирани во 2-3 век[257], Птуј, Дрново, од 1 до 3 век[258], Задар (Јадер), од крај на 1 до средина на 3

[254] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић- Жижић, Д. Срејовић 1975, 174.
[255] Α.Αντωνάρα□ 2009, 199, Т.10, сл.301, 302.
[256] N. Kunina 1997, 329, sl. 380, Конкретниот наод има делумно повисок врат од оној кај нашите примери, но генералните карактеристики на формата се исти со оние кај Скупските примери. Авторката не го посочува точното место на наод.
[257] M.C. Calvi 1969, T.12, sl.2-3.
[258] I. Lazar, 2003, 201-203.

век[259], Сирмиум, широко датирани од 1 до 4 век[260], Црноморски брег, Томис, датирани во 1 и 2 век[261].

Гутусот кат. 192 потекнува од гробна целина во која, меѓу другото, бил приложен коничен унгвентариум кат. 87 аналоген на од кат. 84 кој е датиран во втората половина на 1 – ран 2 век, според прилогот на луцерна со натпис L-MVN-SVC[262] од гробот од кој потекнува. Според тоа, како и според аналогните примери на овој тип на стаклени садови, гутусите од западнаата некропола на Скупи се датираат во доцниот 1 до средината на 3 век.

---

[259] B. Štefanac 2009, 120.

[260] V.Šarović Svetek 1986, 25, 64, kat. 104-110, T.XVI, sl.4, T.11, sl.5-6.

[261] M. Bucovala 1986, 78-79. Кај овие примери изливникот е поставен нешто повисоко одколку кај Скупските, односно во средишниот дел на реципиентот.

[262] J. Deneauve 1969, 83-93.

## 2. Садови дувани во калап

Стакларската индустрија доживеала огромен подем со револуционерното откритие на техниката на дување на стаклото. Тоа овозможило мноукратно зголемена продукција на стаклени садови, отварање на нови пазари како и развој на голем број на работилници. Спојот на техниката на дување и онаа на калапење, односно можноста за формирање и декорирање на садовите со дување на стаклена маса во калап, овозмозило брза продукција на голем број на скоро идентични педмети. Оваа техника им создала на мајсторите отворен простор за облици и величини како и широки можности за декоративни мотиви, од едноставни шематизирани форми до преставии со најситни детали. Особено голема популарност достигнала при изведувањето на малите козметички амбалажи.

Од некрополата на Скупи потекнуваат пет садови изведени во оваа техника, сместени во две групи според нивната форма: садови во форма на урма и амфорисци.

### А. Садови во форма на урма

Малите садови во форма на урма се меѓу најчестите наоди на стаклени садови дувани во калап од 1 век.[263] Вакви примери се наоѓани низ целата територија на римското царство, со особена концентрација на локалитетите на Иточен Медитеран.[264] Станува збор за садови со релативно мали димензии, односно вкупната висина кај примери изнесува околу 7,5 см. Дното им е заоблено поради што е невозможно да се поставаат во вертикална

[263] E.M.Stern 1995, 91; D.Whitehouse 2001, 519.

[264] E.M.Stern 1995, 93; P.Guldager Bilde, B.Poulsen 2008, 259.

позиција. Вратот им е каток и цилиндричен или коничен со благо проширување кон ободот кој кај нашите примери е хоризонтално извлечен, а потоа преклопен од горната страна. Отворот и вратот кај овој тип на садови се релативно тесни, што сугерира на тоа дека најверојатно содржеле течна материја. Декорацијата е изведена со пластични, брановидни испакнатини и канелури кои при тоа го имитираат изгледот на збрчкана кора на зрела урма. На некои садови брчките се постилизирани, додека повеќето се изведени толку натуралистички, што некои автори наведуваат како можност калапот да бил изработуван од самиот плод,[265] иако не постојат археолошки докази кои би ја поткрепиле таа теорија. Сличноста на плодот на урма не се огледа само преку формата, големината и пластичната изведба на садовите, туку и преку бојата која е најчесто нијанса на кафеаво иако се познати и плави, зелени, виолетови или црни примери.[266]

Натуралистичката изведба кај овие садови се потврдува и на наодите од Скупи. До сега се најдени три примери (сл.1,2,3) од кои два се целосно сочувани, а еден е фрагментиран, при што сочувани се ободот и дното, а делови од реципиентот недостасуваат.

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Сл. 1, Кат. 196 | Сл. 2, Кат. 197 | Сл. 3, Кат. 198 |

[265] E.M.Stern 1995, 92;

[266] R.A. Grossmann 2002, 34,, sl. 34; E.M.Stern 1995, 92; G. De Tommaso 1990, 87.

Кај нашите наоди стаклото е транспатернтно и со висок квалитет. Нијансите на бои се движат од окераста, преку боја на килибар до темно браонкаста боја, како и виолетова боја кај садот (сл.3). Кај истиот сад меѓу рамото и ободот се забележува одредено продолжение, извлечено од самата стаклена маса од која што е изработен садот при изведувањето на неговиот горен дел (сл.4). Можеби се работи за рачка на која не е изведена перфорација. Единствен друг познат пример кај кој што се претпоставува постоење на рачка кај овој тип на садови потекнува од Ремаген, со релативно доцна датација во однос на останатите садови во форма на урна, односно на крајот на 2 век.[267]



Сл. 4

Повеќето садови во форма на урма се дувани во дводелен калап, со еден шав околу вертикланиот пресек на целиот сад, а кај мал дел се забележува употребата на троделен калап.[268] Кога деловите од калапот не биле во целост поврзани, стаклото го исполнувало просторот између нив и правело јасен шав од калапот. Оваа појава е помалку или повеќе видлива кај наодите на садови од овој тип на Скупи. Имено кај садот (сл.5) јасно се забележува вертикален шав по целата должина на реципиентот. За разлика од него, садот е изведен со поголема прецизност. Поврзувањето на двата дела од калапот е фантастично скриено во самата орнаментика и е скоро невозможно

[267] C. Isings 1957, 94.

[268] E.M.Stern 1995, 92. Според авторката постојат индиции дека калапите биле користени повеќе од еднаш, што упатува на тоа дека мора да биле правени од траен материјал. Неколку наоди од овој тип покажуваат дека шишенцата дувани во ист калап може да имаат различен пресек иако пластично изведената декорација е идентична. Ова веројатно се јавува како резултат на процесот на изработка. По вадењето на садот од калапот, бил држен со алатка, со цел да се завршат вратот и ободот. Веројатно во тој момент од изработката доаѓа до таа разлика во профилацијата, но дали тоа е намерно или случајно не се знае.

да се препознае, па само се наслутува местото на спојот (сл.6). Кај тритете наоди калапите во висина завршувале до горниот раб на реципиентот, додека вратот и ободот во целост биле дополнително моделирани од стаклената смеса(сл.7,8).



Сл. 5



Сл. 6



Сл. 7



Сл. 8

Повеќето примери на садови во форма на урма се најдени во гробови, меѓутоа нивната употреба како погребни прилози во основа била секундарна. За одредувањето на нивната функција најмногу податоци би дала нивната содржина. До сега не е направена нејзина хемиска анализа. Можно е содржината како и функција на овој тип садови да била поврзана со плодот кој го имитираат, односно со урмата која, според изворите, имала доста честа употреба во секојдневниот живот. Според податоците добиени од нив логична е претпоставката дека биле употребувани како амабалажа за засладувачи, козметички производи или фармацевтски производи.[269]

[269] Ovidius, Fasti, 185-188. Во поемата на Овидиј, Јанус во дијалог со поетот му објаснува дека урми се приложуваат во храмовите на почетокот на годината, со цел настаните да соодветствуваат со вкусот, па текот на годината да биде сладок како нејзиниот почеток. Овој помен е особено интересен ако се земе во предвид наодот на садови од овој тип приложени во храмот на Диоскурите во Рим; P.Guldager Bilde, B.Poulsen, The temple of Castor and Pollux…259.

Две третини од познатите садови во форма на урма се најдени на Блискиот Исток, а останатите се наоѓани низ Источниот Медитеран и на западот.[270] Нема јасна концентрација на наоди која би довела до локација на стакларска работилница за садови од овој тип. Нивната распространетост сугерира продукција во стакларски работилници на Сиро-Палестинскиот брег, можеби во Феникија, еден од големите стакларски центри, која во текот на 1 век н.е. била особено позната по стаклото дувано во калап.[271]

Овој тип на стаклени садови биле произведувани кратко пред половината на 1 век, веројатно до раниот 2 век. Најрано датираниот сад од овој тип бил пронајден во Триер, Западна Германија во гроб датиран во клаудиевскиот период (41-54).[272] Примери се познати од Италија, особено нејзиниот западен дел, каде што, според Де Томасо, доаѓаат преку патиштата кои го следат Јадранскиот брег. Се среќаваат во Аквилеа, Болоња, Рим, датирани меѓу времето на Клаудиевците и Антонините,[273] потоа во Помпеа и Херкуланум, пред 79, кога се случила ерупцијата на Везув. Садови од овој тип се најдени во гробови од втората половина на 1 век во Израел, Крит[274], потоа во Сирија датирани од првата половина на 1 век до средината на 2 век[275]. Садовите во форма на урма веројатно биле дополнувани и повторно употребувани долго по конзумирањето на оригиналната содржина. Наодите

---

Plinius Secundus, Naturalis Historia, XIV.19; XXIII.51-52. Во ова дело се спомнуваат како засладувач, исто така како дел потребните состојки при изработка на ароматични вина, потоа за козметика, парфеми, како и мошне честата употреба на плодот и на семката при третирање на различни заболувања.

Πεδάνιος Διοσκορίδης, De Materia Medica, I, 148-150. За улогата на урмите во медицината посебно е важен и поменот кај грчкиот доктор и фармацевт Диоскорид кој наведува различни состојби кои се третираат со нивна помош.

[270] E.M.Stern 1995, 93; P.Guldager Bilde, B.Poulsen 2008, 259.

[271] E.M.Stern 1995, 93

[272] D. Whitehouse 2001, 47; E.M.Stern 1995,93; P.Guldager Bilde, B.Poulsen 2008, 259.

[273] G. De Tommaso 1990, 58

[274] E.M.Stern 1995, 93.

[275] N. Kunina 1997, 280-281, сл.146-148.

во гробови во Шпанија датирани околу средината на 2 век или од Аквилеа од втората половина на 2 век веројатно биле пренесувани како наследсвто.[276]

Датацијата на садовите во форма на урма од Скупи, добиена според датирањето на останатите хронолошки осетливи наоди од целините од кои произлегуваат, е од Домицијан до почетокот на владеењето на Хадријан.[277] Односно таа се движи во последната фаза на поставените хронолошки рамки од датирањето на овој тип на садови воопшто.

## В. Амфорисци

Друг пример на сад дувани во калап од Скопскиот регион се амфорисците.

Амфорискот кат. 199 (сл.9) потекнува од гробот 137 од Источната некропола на Скупи. Станува збор за пространа четвртаста гробница, со скелетно погребување. Од истиот гроб потекнуваат два од наодите на садови во форма на урма.

Овој наод припаѓа на типот на стаклени садови кои ги имитираат големите керамички транспортни амфори. Според Stern постојат[278] три варијанти во стакло кои имитираат три различни типови на керамички амфори. Тип на стаклени амфори со витко тело, имитација на грчко-италски амфори од доцно хеленистичкиот период. Втора варијанта е со елипсоидно тело кое остро се стеснува во една точка, веројатно имитација на амфорите од ран 1 век тип

[276] E.M.Stern 1995, 93.
[277] I. Mikulčić 1974,194-195.
[278] Ibid.,194-195.

Dressel 19. Третата варијанта е со конично тело и кружно рамно дно.[279] За разлика од неа, Д. Вајтхаус смета дека овие садови не имитираат конкретен тип на керамичка амфора.[280]

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Сл.9, кат. 199 | Сл. 10 | Сл. 11 |

Нашиот амфориск, според поделба изведена од Стерн би припаднал под вториот тип. Имено, тој има елипсоидно тело со 12 пластично изведени ребра кое остро се стеснува во една точка (сл. 9). Поставувањето во вертикална позиција е невозможно. Од реципиентот остро е извлечен вратот кој е цилиндричен и преку постепено проширување продолжува во ободот, косо извлечен нагоре, со благо задебелен раб. Од средината на вратот до рамото на садот се накнадно прилепени две рачки. Стаклото е непроѕирно, со жолто-океrasти, посветли или потемни нијанси. Рачките се изведени од стакло со сина боја.

Садот е изработен со дување на стаклена маса во дводелен калап. Поради не целосното поврзување на двата дела од калапот, видлив е шав по целата

[279] E.M.Stern 1995, 157.
[280] D. Whitehouse 2001, 46.

должина на реципиентот (сл.10). Калапот завршива до горниот дел на телото, при што вратот и ободот биле дополнително изработени во целост (сл.11).

Големиот број на варијанти во димензии, начинот на употреба на калапот, колку прецизно се поврзани неговите делови, дали го вклучува вратот или не, бројот на хоризонтални канелури, дното (остро, заоблено или рамно), како и секако, квалитетот на стаклото, укажува дека постојат повеќе работилници кои ги изработувале овие форми.

Иако е често посочувано дека овој тип е чест на Кипар и во Сирија и дека е произведуван на сиропалестинскиот брег, мал број на примери имаат сиропалестинска или кипарска провиниенција. Наодите од Грузија, Ерменија и Турција сугерираат барем една работилница на Источен Медитеран.[281] Релативно мал број на наоди се среќаваат во Италија, Аквилеа, Болоња, Помпеа со датација во втората половина од 1 век[282], на Балканот Дукља (Доклеа), датиран со монета на Хадријан, атрибуиран на сириските работилници.[283]

Нашиот пример е датиран со целата гробна целина, со компаративна анализа на останатите хронолшки осетливи предмети на преодот од 1 во 2 век.[284]

Садот кат. 200 исто така е сместен во групата на амфорисци, со тоа што кај него се јавува поинакво решение на дното. Имено кај овој тип на садови дното е рамно или незначително прстенесто, што го прави

---

281 E.M.Stern, 1995, 157-158.

282 G. De Tommaso 1990, 51.

283 А. Цермановиħ-Кузмановиħ, О. Велимировиħ- Жижиħ, Д. Срејовиħ 1975, 172, sl. 45; А. Цермановиć-Кузмановиć 1976, 175, T.I/4, T.III/16.

284 I. Mikulčić 1974,194-195.

поставувањето во вертикална позиција сосема возможно, дури и реларивно стабилно. Ободот е извлечен хоризонтално кон надвор, со раб превиен кон внатрешната страна. Реципиентот е со овоидна форма, декориран со три фриза: во горниот и долниот дел се изведени по еден фриз на вертикални канелури кои се поврзани со централниот фриз на спирално изведени ластари, врамени од двете страни со по едно тесно, незначително испакнато ребро по кое следува делумно поширока канелура. Изработен е од квалитетно стакло, проѕирно, со виолетова боја. Од средината на вратот до рамото на садот, дополнително се аплицирани две лентести рачки од стакло со жолто-маслинеста нијанса.



Како варијанта на овој тип амфорисци се јавуваат садови со скоро идентично решение на реципиентот и орнаментиката, со таа разлика што тие имаат една рачка која е поставена од ободот (најчесто има навој кој го надвишува ободот) до рамото на садот.[285]

Израборката на примерите од Скупи е повторно изведена со дување на стаклена маса во дводелен калап, кој поради непрецизното поврзување на двата дела оставил очигледен шав од од дното до почетокот на вратот. Вратот и ободот и во овој случај биле дополнително изработени, односно дувањето на стаклената смеса во калап се однесува само на реципиентот.

[285] E.M.Stern 1995,152-153, сл.55, 57; M.Veličković 1976, 171, sl.18; А. Цермановић-Кузмановић 1976, 175, T.I/2.

Овој тип на амфорисци, според Стерн може да претставува минијатурна варијанта на големите амфори дувани во калап[286], како онаа со потпис на Еннион изложена во Ермитаж[287].

И овие садови дувани во калап се атрибуираат на стакларските центри на Источен Медитеран, иако некои истражувачи претпоставуваат и можна продукција во западномедитеранските работилници.[288] Сите познати примери се датирани во 1 век. За амфорискот од Скупи, имајќи ги предвид општите податоци за развојот на градот, би можеле да претпоставиме датација во втората половина од 1 век, односно за време на Флавиевците.

Садовите дувани во калап спаѓаат во редот на поретките и полуксузни производи на стакларската индустустрија во раниот Царски период. Затоа и не не изненадува податокот дека меѓу стотиците фрагментирани и цели стаклени садови од Скупи имаме само пет примероци на вакви садови. Со оглед на фактот дека ваквите садови, и оние во форма на урма и амфорисците во науката најчесто се атрибуирани како источно-медитерански производи, со голема доза на веројатност моземе да каземе дека и примероците од Скупи потекнуваат од некоја од бројните и со долга традиција стакларски работилници на Истокот. Сите 5, во овој труд анализирани стаклени садови од Скупи временски припаѓаат на периодот од втората половина на 1 век, најдоцна до почетокот на 2 век.

---

[286] E.M.Stern 1995,152-153.
[287] N. Kunina 1997, 273, kat.109, 69-69.
[288] E.M.Stern 1995,152; D. Whitehouse 2001, 43.

# III. Заклучок

Стаклените садови на територијата на Р. Македонија првпат се јавуваат на крајот на 6 век п.н.е. во кнежевските погребувања во Требениште, атрибуирани на работилниците на египетско- сирискиот брег. Импортот на луксузни стаклени предмети од големите источни центри продолжува и во хеленистичкиот период. Имено, садови од стакло за чување на миризливи масла во 3 век п.н.е. се најдени на некрополите кај Струга и Охрид-Дебој, додека алабастрони од подоцнежен хеленизам потекнуваат од гробовите на Стоби, датирани во преминот од 2 во 1 век п.н.е.

Инкорпорацијата на хеленистичките земји во римската империја ја стимулира големата римска стакларска индустрија. Иако базирана врз хеленистичките сознанија, таа брзо се развива како независен, чисто римски концепт.

По револуционерното откритие на техниката на дување на стаклото, овозможен е голем развој на стакларската индустрија, со што доаѓа до општа тенденција на големо зголемување на бројот на наодите на стаклени садови што е јасна појава и во Р. Македонија. Тоа особено се потврдува на некрополите на Стоби и Скупи. Дуваните стаклени садови повеќе не биле луксуз достапен единствено на богатите, туку можеле да ги имаат поголем дел од населението. Далеку поголемата бројност на стаклени садови во 1 век н.е. покажува дека стаклото станало стандарден домашен материал. Биле продуцирани садови во скоро секоја форма и величина. Дел од овие стаклени садови се со мошне висок квалитет, близок

до садовите од големите стакларски центри, додека дел се со просечен или слаб квалитет, како производ на помали стакларски работилници.

Со ископувањата на источната некропола на Скупи се истражени над 2800 гробови, што ја сместува истата меѓу најдобро истражените некрополи воопшто. Со анализа на прилозите, може да се увиди дека стаклените садови се релативно чест наод во гробовите.

Според техниката користена за изработка на садовите од оваа некропола тие се поделени на два групи: садови изработени со слободно дување и садови изработиени со дување на стаклена маса во калап. Апсолутно доминантен начин на изработка на обработените садови е слободното дување. Тоа во основа не е зачудувачки ако се земе предвид датирањето од 1 до 4 век. Во тој период дувањето на стаклото доминира како техника, како поевтин а воедно и далеку полесен начин на изработка. Сепак останатите техники не исчезнуваат иако садовите изработени во нив се застапени во неспоредливо помал број. Имено од третираните садови само 2% се изведени во техника на дување во калап. До сега не е најден стаклен сад на скупската некропола изведен во техника на калапење или притискање.

Типовите на наоди потврдуваат дека утилитарните стаклени предмети, како и ексклузивните садови со особен квалитет биле користени покрај во секојдневниот живот и во сепулкралната пракса. Приложувани биле садови за миризливи масла, унгвентариуми, козметички, фармацевтски садови, арибалоси, амфорисци, гутуси, реципиенти за течност, шишиња, реципиенти за излевање на течност, бокали, како и такви за пиење, чаши, пехари. Постојат случаи на наоди на стаклени садови надвор од гробните целини (на пример наодот на 5 унгвентариуми вон било каков контекст, единствено во

релативна близина на гроб 1077). Тие укажуваат на тоа дека покрај како прилози во гробовите, стаклени садови биле користени и за дел од фунерарните ритуали, кои вклучувале и течност и храна. Истите потоа биле кршени или оставани врз гробните конструкции или пак покрај гробовите.

Особено популарни стаклени садови во антиката биле унгвентариумите. Тие ја сочинуваат најбројната и најразновидната група на стаклени садови на Источната некропола на Скупи, што е и очекувано поради тоа што овој тип на садови биле често користени во антиката. Имено од 203 третирани садови, 163 претставуваат некои од типовите на унгвентариуми.

Во стручната литература унгвентариумите се поделени на различни начини, под различни типови и групи кои се именувани со различни имиња. Некои автори се склони кон диференцијација и на најмалите варијанти како автономни форми, а други бројот на типови го сведуваат на минимум, а разликите ги означуваат како подтипови или воопшто не ги коментираат. Типологијата на унгвентариумите и именувањето на типовите не се поклопуваат скоро кај ниеден автор.

За продукцијата на овој тип на садови е користена техниката на дување на стаклото. Кога при изработката не бил користен калап, туку слободно дување, физички било невозможно да се направат два идентични сада, така што одредени разлики во формите, веројатно се јавуваат поради начинот на работа, а не поради тоа што садовите припаѓаат на различен тип или група. Во овој труд унгвентариумите се поделени според разликите во формата на реципиентот, како и според соодносот помеѓу вратот и телото на унгвентариумите и истите се сместени во 5 типа и тоа:

**Полусферичните унгвентариуми** се застапени со 14 примери кат. 1-14. Кај нив се јавуваат незначителни разлики во изведбата на формата на реципиентот од примери со повеќе елипсовиден кат. 4 до такви со понагласено кружен пресек кат.5,11, 12. Овој тип на садови се присутни на источната некропола Скупи во периодот од втората половина на 1 век до првата половина на 2 век.

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Кат. 1 | Кат.4 | Кат.5 |

**Коничните унгвентариуми** ја претставуваат далеку најбројната група со застапеност од 40% односно 82 наоди (кат.15-96). Кај нив се јавуваат разлики како во формата на реципиентот, соодносот на реципиентот и вратот, како и во квалитетот на стаклото . Според тоа има такви со високо конично тело, со нагласен преод од вратот кон реципиентот (кат. 15-46, 48,49, 54-70) и такви со ниско конично тело без воопшто нагласен преод од вратот (кат. 47, 50-53, 71-96). Што се однесува на соодносот на реципентот и вратот се јавуваат во однос 1:1, 1:2 или 1:3, односно реципиентот и вратот се со иста висина (кат. 31-33) или пак висината на вратот е околу два пати или три пати во однос на онаа на реципиентот. Според квалитетот на стаклото се јавуваат наоди изведени од тенко, проѕирно стакло со природно обојување (кат. 34-96), како и такви од дебело, тешко стакло, со интензивна зелена боја (15-34).

|  |  |  |  |  |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Кат. 17 | Кат. 37 | Кат. 31 | Кат. 85 | Кат. 98 |

Најчеста застапеност на коничните унгвентариуми од Скупи има во втората половина на 1 и во текот на 2 век. Притоа, наодите од тешко стакло, со дебели ѕидови и интензивна зелена боја имаат поширока датација и тоа од втората половина на 1 век до првата четвртина на 3 век.

**Ѕвонoликите унгвентариуми** се варијанта на коничните и се застапени со 10 примери (кат. 97-106). Кај нив се јавува поголема или помала нагласеност на профилацијата на ѕидовите на телото. Овие наоди се присутни на Скупската некропола во втората половина 1 и низ целиот 2 век.

**Тубуларните унгвентариуми** се застапени со 40 наоди (кат. 108-148). Кај нив се констатираат разлики во соодносот на реципиентот и вратот и тоа: унгвентариуми со повисок реципиент од вратот (108-109), такви со еднаква висина на реципиентот и вратот (110-122), како и примери до повисок врат од реципиентот (123-129). Имаат релативно долга продукција, односно широко се датирани од 1 до раниот 3 век. При што наодите со повисок реципиент во однос на вратот имаат најрана датација во однос на останатите

унгвентариуми од овој тип, како и во однос на обработуваните стаклени садови воопшто од 1 до ран 2. Оние пак со повисок врат во однос на реципиентот, ја следат тенденцијата на зголемување на вратот и лимитирање на реципиентот во подоцнежната продукција, односно достигнуваат до втората половина на 2 и првата четвртина на 3 век.

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Кат. 108 | Кат. 116 | Кат. 127 |

**Сферичните унгвентариуми** се застапени со 6 примери (149-154). Овие наоди се поделени по начинот на решавање на ободот на унгвентариуми со косо нагоре извлечен обод, со доста широк хронолошки распон, односно од втората половина на 1 до 4 век и такви со хоризонтално извлечен и подвиен кон внатрешната страна кои се присутни во доцниот 2 и во текот на 3 век.

| | |
|---|---|
|  | <br>167 |
| Кат. 149 | Кат. 153 |

На Источната некропола на Скупи се јавуваат и **унгвентариуми со топчесто тело кое има 4 кружни вдлабнувања** од страните, поради што неговиот пресек добива блиску до квадратна форма. Станува збор за садови кои не се често застапени низ римскиот свет. Датирани се во 3 и првата половнина на 4 век.

| | |
|---|---|
|  |  |
| Кат. 156 | Кат. 159 |

Садовите кат. 159 и 160 претставуваат минијатурни унгвентариуми со исто решение на реципиентот, односно четири кружни вдлабнувања кои му даваат квадратен пресек. Присутни се само во едно погребување датирано со со монета на Клаудиј I.

Унгвентариумите со различна форма и преодните и хибридните форми чија што датација практично се поклопува, сведочат за истовремена и паралелна употреба на два или повеќе типови. На пример во Г-1157 се најдени 9 стаклени унгвентариуми кои можат да се сместат под 3 типа и тоа: полусферични, конични и ѕвонолики.



Гроб 1157

Покрај унгвентариумите, козметичките садови изведени во техниката на слободно дување се присутни уште со два типа на реципиенти и тоа: **арибалоси** (кат. 162, 163) и **амфорисци** (164, 165). Станува збор за тоалетни шишенца, кои во стакло се јавуваат како имитација на бронзени или керамички примери. Содржеле масла или ароматични супстанции. Нјверојатно биле носени прицврстени за појасот, закачени на бронзени рачки или синџир. Потврда за тоа е и наодот на амфорискот кат. 164. Имено неговите рачки биле меѓусебно поврзани со синџирче од стаклени нитки, составено од седум поврзани алки. За ваквата појава на синџирче од овој тип не е најдена директна аналогија. Датирањето на садот е добиено со компаративен метод на датирање на останатите хронолошки осетливи наоди

кои потекнуваат од истата гробна целина. Според тоа овој амфориск, како и арибалосот кат. 162 се датирани во последната четвртина од 1 до раниот 2 век.

| | |
|---|---|
|  |  |
| Кат. 162 | Кат. 164 |

Реципиентите за чување на течност се присутни во три варијанти и тоа: шишиња со коничен реципиент, со сферичен реципиент и шише со тело со кружни вдлабнувања.

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Кат. 172 | Кат. 166 | Кат. 183 |

**Шишињата со коничен реципиент** се среќаваат на релативно ограничен простор. Имено аналогии за истите се познати единствено од Грција, Солун. Егзистираат во долг временски период, и имаат широка датација од втората

половина на 1 до 4 век. Оние **со сферичен реципиент** се широко раширени и карактеристични за доцно римскиот период. Според аналогните примери на наоди од овој тип и примерите од Скупи би влегле во истите хронолошки рамки, односно би се датирале во 3-4 век.

Исклучителен наод претставува шишето кат. 183. Станува збор за сад со нежна изработка, со доминантен елипсовиден до биконичен реципиент, дополнително моделиран со втиснувања: на долната хемисфера има 5 поголеми кружни вдлабнување, а на горната 6 потесни. Директни аналогии за овој наод на територијата на римската империја не се познати. Според Микулчиќ се датира во 2 век, по наодот на луцерна која потекнува од истата гробна целина. Неговото потекло, според формата и квалитетот на стаклото го поврзува со италските работилници.

Од реципиентите за пиење присутни се **чаши** (кат. 184-187) и **пехари** (кат. 188-189). Кај чашите се јавуваат два типа, одвоени според начинот на решавање на дното: со ниска прстенеста нога од втората половина на 1 и 2 век или подоцнежна форма, со рамно дно, од 3-4 век.



Кат. 186



Кат. 184



Кат. 188

Двата пехара од Скупи припаѓаат на истиот тип, односно садови со релативно цилиндричен реципиент кој од четири страни е со длабоки, елипсоидни вдлабнувања и се прецизно датирани со наоди на монети на Домицијан во двата гроба во кои се приложени.

Во гробот 168, од кој потекнува и пехарот кат. 189 се приложени и 2 наоди на **бокали** (кат. 190 и 191), датирани со монета на Домицијан и атрибуирани, според Микулчиќ, на западното производство.

| | |
|---|---|
|  |  |
| Кат. 191 | Кат. 204 |

Од источната некропола на Скупи потекнува и еден фантастичен наод на бокал со мали димензии од стакло со интензивна зелено-тиркизна нијанса и делумна поѕирност (кат. 204). Станува збор за производ на западните работилници актуелен во периодот од 3-4 век. Директни аналогии на нашиот сад наоѓаме кај примери од Триер и Келн.

Со ископувањата на Источната некропола на Скупи се откриени 4 **гутуси** (192-195), садови чија што намена во науката сеуште не е сосема јасна. Ншите примери припаѓаат на типот гутуси врз кои не е аплицирана рачка. Изливникот е изведен при дното или на средината на реципиентот. Датирани се од доцниот 1 до средината на 3 век.

**Стаклените садови произведени со техника на дување во калап** своето потекло го должат на Источно-Медитеранските стакларски работилници, каде со квалитетот на производите се истакнувале низа работилници од Сиро-палестинскиот брег, а Феникија ја имала водечката улога во производство. Малите по димензии садови од овој тип спаѓаат во категоријата на амбалажни садови за козметички или фармацевтски производи.

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Кат. 196 | Кат. 199 | Кат. 200 |

Од Скупи потекнуваат пет садови дувани во калап. Три од нив се **со облик на урма** (кат. 196-198), а два се амфорисци (кат. 199-200). Садовите во облик на урма генерално спаѓаат меѓу најчестите наоди на стаклени садови изработени со оваа техника. Тие се среќаваат низ целата Римска Империја, со особена концентрација на локалитетите во Источен Медитеран. Нивниот натуралистички изглед го забележуваме и кај трите примероци од Скупи. Тие се дувани во дводелен калап кој

вооообичаено остава трага по должина на реципиентот, но со прецизната изработка кај еден од Скупските примероци (кат. 197) тој шав е одлично сокриен меѓу наборите кој имититраат кора на сува урма. Овој тип на садови почнал да се произведува кратко пред средината на 1 век и опстојувале на пазарот до раниот 2 век. Трите сада со форма на урма од Скупи се откриени во гробови од крај на 1 и почеток на 2 век, односно припаѓаат на последните години од производството на овој тип садови.

Уште две мали садчиња припаѓаат на категоријата стаклени садови дувани во калап. Тоа се два **амфорисци**, изработени од квалитетно стакло, но со различен облик на реципиентот и различна декорација. Едниот амфориск има елипсовидно тело со 12 хоризонтални пластично изведени ребра, а вториот има овоиден реципиент со декорација со канелури и вегетабилни орнаменти. Според останатите хронолошки осетливи наоди од гробните целини од кои потекнуваат, како и според аналогните примери и хронолошките рамки на приозводство на овој тип на садови тие се датирани во втората половина на 1 и почетокот на 2 век.

Генерално, најрано датираните стаклени садови во средината на 1 век се ретки примери на унгвентариуми од типот тубуларни. Значително зголемување на бројот на стаклени садови е потврдено во втората половина на 1 век, што соодветствува со општиот равој и романизација на градот. Врз таа состојба особено влијаело неговото назначување во колонија за време на Флавиевците. Во периодот од втората половина на 1 и 2 век на Скупската источна некропола се присутни најголем број од стаклените садови со различна функција и во различен број на форми. Постепено намалување се

забележува во 3 и 4 век, кога во употреба остануваат само ограничен број на садови со пошироки хронолошки рамки како и примери импортирани од западните работилници кои тогаш го достигнуваат својот подем.

Датирањето на овие стаклени садови е изведено со компаративен метод, односно аналогии за истите, како и со датирање на дел од предметите кои потекнуваат од истите гробни целини. Но најголем дел од хронолошки осетливите предмети, металните наоди, вклучувајќи ги и монетите, кои би дале најпрецизни податоци за хронолошкото детерминирање на погребувањата, а воедно и на стаклените садови, се сеуште во фаза на конзервација. Поради тоа ти е не се употребени при датирањето на опфатените наоди. Останува простор по извршениот процес на конзервација и можноста за прецизно одредување на секој поединечен предмет да дојде до одредени промени во датирањето како и прецизирање на хронолошките рамки на материјалот.

Најголем број од обработените стаклени садови имаат нијанси на зелена и сина боја, соодветни на природната боја на стаклото. Тоа се јавува поради тоа што самата суровина содржи помалку или повеќе оксиди кои го создаваат тоа обојување. Тоа укажува дека суровото стакло најчесто не било обојувано пред да биде употребено за изработка на сад. Малку предмети покажуваат знаци на намерно обојување или деколоризација. Кај дел од коничните унгвентариуми (кат. 15-34) се јавува поинтензивна зелена или сино-зелена боја, најверојатно добиена со манипулација на металните оксиди при изработката. Широк спектар сино-зеленкасти нијанси можат да се добијат без додавање на дополнителни елементи, само со контролирање

на количеството на кислород. Намерно објување на стаклената маса се јавува кај садовите дувани во калап (кат. 196-200) нијанси на океараста, жолта, кафеава и виолетова боја, како и кај бокалчето (кат. 204) со интензивна зеленкасто тиркизна боја. Се работи за садови изработени од стакло во висок квалитет и интензивен сјај, приозводи на големи стакларски центри и сигурен импорт во Скупи.

Квалитетот на изработката до некаде се огледа и во степенот на балончиња со воздух останати при процесот на изработка на предметот. Тоа воедно влијае и врз проѕирноста на стаклото. Квалитетот на стаклото од садовите на Скупи се движи од скоро без воопшто видливи балончиња до преголем број на видливи или микроскопски балончиња што може да резултира и со помала или воопшто без никаква транспарентност. Најголемиот број садови е со среден кон слаб квалитет, а повторно највисок квалитет имаат малите козметички садови дувани во калап.

Потеклото на поголемиот број на стаклени садови од Источната некропола на Скупи не е извесно. Дел од нив со голема доза на сигурност би можеле да бидат атрибуирани на големите стакларски работилници од источните или западните центри. Имено садовите дувани во калап секако се поврзуваат со работилниците на Сиро-палестинскиот брег. Потоа источна, односно Египетска провиниенција им се припишува на оние садови со поинтензивна зелена или сино-зелена боја, и ѕидови од дебело, тешко стакло, карактеристики кои најчесто се јавуваат кај дел од коничните унгвентариуми (кат. 15-34). Како производ на западните центри, кои огромен подем доживуваат во доцната антика, се смета малото бокалче (кат. 204). Сите

останати садови обработени во овој труд имаат неизвесно потекло. Поради самата природа на материјалот, логично е да се претпостави дека транспортот на готови производи бил мошне комплициран. Од друга страна, со суровото стаклото особено многу се тргувало благодарение на нагласената комуникација и големиот проток на информации во римскиот период, како и миграциите на занаетчиите кон сите делови од царството. Тоа придонело кон ширење на начинот на изработка, во голема мера олеснет по пронаоѓањето на техниката на дување на стаклото, како и појава на сличен репертоар на типови на садови, што особено важи за унгвентариумите. Веројатно треба да се смета на поголем број работилници кои ги произведувале овој вид на садови во сите делови на Римското царство.

